


# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Godina XV 2007.
ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ
LISTOPAD – PROSINAC
ЦЕНА 5 кн

БРОЈ
48

ISSN 1333-7769

# “СОЛЗИ ПОЛНИ НАСМЕВКИ”



Заедницата на Македонците во Република Хрватска годинава издавањето го пополни со нова книга поезија. Така, Елизабета Петровска се претстави со својата прва книга „Солзи полни насмевки“. Културната манифестација и презентација во Загреб се одржа на 18 декември 2006 година во Хрватското новинарско друштво.

Покровители беа: Градскиот уред за образование, култура и спорт на Град Загреб, Советот за национални малцинства при Владата на Република Хрватска и Друштвото на новинарите за националните малцинства при ХНД. Програмата ја водеше Вјекослав Мадуниќ, новинар и спикер на Хрватското радио, кој ги поздрави рецензентите и претставувачите на книгата: Огнен Бојаџиски и Марина Апостоловска - Вујаклија, а потоа упати поздрави до гостите: Стојан Руменовски, министер-советник на Амбасадата на РМ во РХ, Данчо Петровски, советник на Амбасадата, протојерејот на МПЦ во РХ, Кирко Велински, Ангел Митревски, претседател на Заедницата, проф. Благој Штерјов, претседател на



МКД “Охридски бисер” од Загреб, Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД “Биљана” од Задар и до сите присутни. При тоа, Ангел Митревски ги поздрави присутните и изрази големо задоволство што на почетокот на својата одговорна функција присуствува на така значаен културен настан за Македонците и Заедницата во Р. Хрватска.

Со оригинална инструментална придружба на музичарите Иван Јавора, Томислав Теншек и Маријан Север, артистката Костадинка Велковска и Вјекослав Мадуниќ впечатливо ги рецитираа стиховите на песните “Прости ми”, “Tamo gdje sam rođena”, “Нестрпливост”, “Pjesmo moja”, “Prijatelju moj” и “Колорит” на македонски и хрватски јазик.

Огнен Бојаџиски на присутните им се обрати на хрватски јазик, па меѓу другото рече: “Čestitamo na prvijencu. Odvojiti dio svoga duha, svoje intime, i podastrti na kritiku, divljenju... Pjesnik je shvatio da je sve na svijetu prolazno u ludoj trci za zgrtanjem materijalnih dobara. U Elizabetinom stvaralaštvu i talentu, otkrivamo svu ljepotu makedonskih riječi i senzibilitet prema hrvatskom jeziku. Pjesništvo ne poznaje granice jer se ono obraća ljudskom srcu. Poezija se čita iz ranih školskih dana, kradomice, skrivajući se čitaju ljubavne pjesme. U Elizabetinim pjesmama otkrivamo ljudsku dušu, intimu što je doživjela u svom životu, i putujući u nepoznato, uhvatila je jedan trenutak koji izražava u svojim pjesmama. Tu su poruke koje smo sanjali, Tadijanićev put prema ljubavi, ali i putovi B. Koneskog, M. Mateskog, S. Janevskog i drugih. Na svom putovanju, Petrovska pokazala je svoju dušu sinkronizirano na dva jezika i u tom stvaralaštvu shvatila je stvaralačko jedinstvo riječi.”

Марина Апостоловска - Вујаклија ја поздрави поетесата и, цитирајќи го Мирослав Крлежа нагласи дека овој првенец е само почеток на нејзиното творештво.

Овој културен настан го потполнија распеаните “Моми бисерни” со неколку македонски народни песни под водство на Лидија Кочовска, која и самата, на задоволство на публиката, се претстави со солистички настап, за што беа наградени со долготраен аплауз.

На крајот од промоцијата Елизабета Петровска возбудена од радосните моменти, се заблагодари со зборовите: “Jedno veliko hvala svim dobrim i dragim ljudima, suradnicima i prijateljima, koji su me prihvatili i omogućili mi da postanem dio njihove kulture i stvaralaštva. Hvala Gradu Zagrebu koji me očarao svojom ljepotom, u njemu živim, radim, pa i pišem svoje pjesme. Hvala Zajednici Makedonaca u RH, Savjetu za nacionalne manjine pri Vladi RH, Zboru novinara nacionalnih manjina pri HND-u, recenzentima Ognjenu Bojadžiskom, Marini Apostolovskoj i Ljerki Totch Naumovoj, članici Društva književnika Makedonije, koja nije mogla biti večeras s nama. Hvala mojoj obitelji koja me odgojila onakvu kakva jesam i koja je najzaslužnija za sve moje životne uspone prožete dubokim i snažnim emocijama. На сите Вас, од сé срце Ви благодарам.”

На задоволство на присутните, поетесата Елизабета Петровска за укажаната доверба, одрецитира некои од своите стихови на македонски јазик, “Времеплов”, “Уште една...” и “За твојот роденден”, со што потоа, сите гости беа повикани на пригодна закуска.

М. Паризоски

# ПРЕТСТАВЕНА МОНОГРАФИЈАТА НА МКД “ИЛИНДЕН”

Во организација на МКД “Илинден”, Советот за МНМ за град Риека и претставникот на МНМ при ПГЖ, во просториите на Македонците во Риека на 11 октомври 2006 година претставена е монографијата “МКД Илинден 1991-2006”. Пред бројните членови на Илинден, претседателот Илија Христодулов ги поздрави присутните




и гостите: Џакомо Скоти, публицист и новинар и потретседател на Италијанската унија, Љубо Радовиќ, претставник на координацијата на Советите на националните малцинства, Сурија Мехмети, претседател на Советот на Ромското национално малцинство, претставникот на Град Риека од Секторот на градската управа за култура, претставникот од Секторот за култура при ПГЖ, како и претставниците од јавниот и општествениот живот на Град Риека. Најнапред Христодулов се осврна на македонскиот национален празник 11 Октомври - Денот на антифашизмот во Македонија, а потоа даде кус осврт на монографијата на “Илинден”, нагласувајќи ја потребата за печатење на овој труд, во кој е даден пресек на дејностите на Друштвото во петнаесете години од неговото формирање, а прикажани се скоро сите настани и дејности, со текст и слика, што е исклучителна можност членовите да се потсетат на минатото.

Професор д-р Горан Калоѓера, проректор на Риечкиот Универзитет и воедно член на МКД “Илинден”, претставувајќи ја монографијата меѓу другото рече:

“Pisati monografiju nezahvalan je i težak posao, pogotovo kada se u taj posao upusti čovjek bez ikakvog iskustva. No to izgleda nije smetalo autoru ove monografije (jer ona to nije samo nazivom već i sadržajem) da pregledno, jasno, kratko i vrlo informativno ispiše povijest jednog od najaktivnijih i najpoznatijih makedonskih društava u Republici Hrvatskoj. Slijedeći svoj instinkt da neke stvari treba bilježiti i objaviti, a time i spasiti od zaborava, Vlado Nasteski uistinu je nadišao samoga sebe i napravio korektan posao - ispisao razvojni put MKD-a “Ilinden” iz Rijeke od njegovih početaka od 1991., pa sve do 2006. godine. Koncipirajući svoju monografiju u nekoliko poglavlja (Илинден во Риека, Собранија, Средби, Културни врски, Литература, Музички приредби, Прослави, Етно смотри, Изложби, Покладни обичаи, Детска радост, Филмска презентација, Скици за портрети, Религија, Стопанско посредување, Совети), Vlado Nasteski napravio je dobar posao i uložio golem trud da se ovo POTREBNO izdanje pojavi na prostorima Republike Hrvatske. Monografija V. Nasteskog prvo je važan dokumentaran dokument jednoga dijela života i rada Makedonaca u Hrvatskoj, to ujedno i dokaz bogate duhovnosti i kreativnosti Makedonaca koji su u Hrvatskoj našli svoju drugu domovinu.”

Авторот на монографијата им се заблагодари на бројните присутни на промоцијата, на членовите кои во текот на создавањето и подготвувањето на книгата му излегоа во пресрет, а особено му се заблагодари на Илија Христодулов за големата помош особено во подготовката пред печатењето, како и на соработниците Михаило Давчевски и Левко Цветковски. Напорот кој го даде уредувајќи ја книгата го чини среќен и задоволен, а вложениот труд секако многострано ќе биде користен за Друштвото за трајно запишаните многугодишни настани.

На крај на промоцијата беше подготвена куса забавна програма, при што пеачката група со интерпретација на неколку народни песни, придружена од синтисајзерот на Јуре Ружиќ, приредија пријатна атмосфера.

М.А.В.

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

**Главна и одговорна уредничка:**
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА
**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска
**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Цветичанин
Марко Паризоски
**Редакција:**
Марко Паризоски - Загреб
Бранка Јањиќ - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Еми Лонгин - Задар
Анка Урдинова Пережа - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb,
Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
Žiro račun: 2340009-1100038804

Tel./Фах: (01) 48 72 655
www.zmurh.hr
e-mail: info@zmurh.hr

За издавачот: Славица Сагадин
Печат: НОНПАРЕЛ д.о.о. Загреб

**Насловна страница:**
*Архангел Гаврил од Благовештениeто,*
од храмот св. Ѓорѓи во Курбиново, Преспанско, 1191 година

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

**ЗАБЕЛЕШКА:** коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за тексто вите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

**Многу среќа, благосостојба и љубов во Новата 2007 година и благословени божикни празници, ви посакуваат Заедницата на Македонците во Р. Хрватска и Редакцијата на “Македонски глас”**



**Драги читатели, браќа и сестри**

**По повод радосните, светли и тржествени празници - Божик, Нова Година и Богојавление-Водици, со најискрена евангелска пастирска љубов, ви испраќаме искрени честитки, мир и благослов од родениот Витлеемски Богомладенец, поздравувајќи ве со древниот традиционален поздрав - Христос се роди!**

**Нека ни е од Бога благословено, мирно и бериќетно Новото 2007 лето**

**Македонска Православна Црква во Р. Хрватска**

SIBILA PETLEVSKI, književnica i znanstvenica

# *Noćni trening* je knjiga koju sam prvo proživjela



***– Sibila Petlevski nedavno ja objavila svoj najnoviji roman "Noćni trening". Autorica i znanstvenica koja iza sebe ima mnogo napisanih i objavljenih stranica, rođena u Zagrebu, s podrijetlom iz Makedonije, prihvatila je odgovarati na pitanja za "Makedonski glas".***

**Makedonski glas: Kako je došlo do stvaranja Vaše posljednje knjige "Noćni trening"?**

***Petlevski:*** Noćni trening je knjiga koju sam prvo proživjela, kako u doslovnom, tako i u metafizičkom smislu, a onda je i zapisala. Pripovjedni model za koji sam se odlučila kad sam pisala Noćni trening je u hrvatskoj sredini potpuno nov, ali ukoliko bih tražila zajednički nazivnik u suvremenoj svjetskoj prozi, tada bi se otvarala mogućnost usporedbe s Denisom Johnsonom, donekle i Chuckom Palahniukom. Roman je u cjelini složen kao niz "priča" koje se mogu čitati i posebno, i kao takve su jasno, jednostavno i pregledno ispričane, ali kad se čitaju u cjelini, tada se između njih uspostavlja jasna motivska veza s naglaskom na motivima bolesti, ljubavi i smrti. Čitati se može linearno kao roman, "priču" po "priču", ili po metodi koju je jedna kritičarka usporedila sa Školicama Julia Cortázara. Indigo djeca, duhovi, PTSP, ljubav, mržnja, seks, alkemija i leteći tanjuri na početku milenija – to su neke od tema ove moje knjige. Ono što me posebno zainteresiralo tijekom pisanja bilo je kako stvarne podatke i dokumente vezane uz ove teme napisati tako da ne bude do kraja jasno pripadaju li žanru fantastike, istraživačkom novinarstvu, ispovjednoj fikciji ili nekoj vrsti proze po afinitetu bliske Enciklopediji mrtvih Danila Kiša. Bolesna i pod utjecajem lijekova, pripovjedačica ovih međusobno povezanih priča je uronjena u svijet literature i jazza, u neprekidnom putovanju iz grada u grad gdje susreće paletu tipičnih i izuzetnih, upečatljivih i potresnih likova, u ozračju od mračnih klubova do trendseterskih salona.

**Makedonski glas: Koliko u ovom romanu ima koincidencije s Vašim stvarnim životom?**

***Petlevski:*** Svi protagonisti moje proze žive ili su živjeli, lokacije su autentične, teme su potkrijepljene dokumentima, a roman je pisan u prvom licu. Uz sve to moram reći da moja ambicija nije bila napisati realističnu prozu i ispovjedni roman u klasičnom smislu. Mene ne zanimaju žanrovi – zanima me život sam, a život je ponekad nevjerojatniji od literature; stvarni događaji ponekad djeluju neuvjerljivije od onih koje svojim čitateljima nudi vješt pisac. Znali su to i klasici kao što je Corneille i Stendhal, i tim fenomenom su se bavili. Književnost obično bazira radnju na

tipskim situacijama, zapletima koji prokušano izazivaju zanimanje i "prirodnim" likovima koji sedamdeset posto svoje tobožnje uvjerljivosti duguju činjenici da svaki profesionalni pisac ne samo što vlada tehnikom pisanja i poznaje tajne žanrova, nego zna da postoje razni tipovi publike i određeni klišeji u čitanju – pronicljive, manje pronicljive i glupe čitateljske navike, pa čak i predrasude – i s tom činjenicom profesionalni pisac uvijek računa. Noćni trening je spoj fikcijskih i ne-fikcijskih elemenata, ali bi se i na moj roman mogla donekle primijeniti definicija koju je kritika izrekla za knjigu koju je relativno nedavno pod naslovom Non fiction objavio Chuk Palahnuik, inače poznatiji kao autor kultnoga romana Fight Club. Za novu knjigu američkoga pisca, utemeljenu na činjenicama iz stvarnoga života koje obiluju nadrealnim situacijama, kritičari su napisali da je riječ o ironijski bespoštednoj i tragično krvavoj prozi koja baca "razdragano amoralan pogled na svijet oko sebe i situacije koje je jednostavno nemoguće izmisliti". I u mojoj je knjizi neke situacije bilo jednostavno nemoguće izmisliti.

**Makedonski glas: Smeta li Vas kad kritičari pišu da imate stilsku izbrušenost i višak intelektualizma?**

***Petlevski:*** Kad prevedem riječ "intelektualizam" na jezik normalnih ljudi, to bi valjda u prijevodu značilo da sam pametna, što samo po sebi i nije loše, a riječ "višak" bi onda trebala značiti da sam pametnija od onih kritičara koji su smislili tu glupu frazu. Nasmijavaju me fraze novinskih kritičara. Ne znam ni što je to "intelektualac", a još manje što je "intelektualizam". Riječ intelektualac mi je antipatična jer pripada vremenu parola i nisam sigurna trebam li uz riječ intelektualac možda dodati onaj atribut "pošteni", pa vidjeti jesam li ja poštena ili nepoštena intelektualka s obzirom na sredinu u kojoj sam rođena, u kojoj živim i u kojoj objavljujem. Sve u svemu ne preostaje mi drugo nego zahvaliti na komplimentu. Noćni trening je proza pisana u prvome licu, protočno i zanimljivo, jednostavnom rečeničnom strukturom. "Obični" ljudi koji su je kupili rekli su da su je pročitali u jednome danu, ali da o njoj kad je pročitaju još dugo ne mogu prestati misliti.




**Makedonski glas: Kako Vi kao rođena Zagrepčanka gledate na poziciju stranaca u rodnom gradu i državi?**

***Petlevski:*** Ima godina kad se čini kao da je sve u redu, ali – priznajem – bilo je i groznih trenutaka, kao kad su mi u starom Društvu hrvatskih književnika vikali da se vratim u "Makedoniju – zemlju patuljaka". To je bilo onih godina kad sam bila predsjednica Hrvatskog PEN-a, pa je neslaganje s mojim političkim i etičkim stavovima dovelo do toga da su neki ljubomorni, mizerni i strašljivi ljudi koji su i prije mislili da mi nije mjesto u mojoj vlastitoj sredini - samo su o tome hipokritski šutjeli - odjednom "isplazili jezike" i dokazali da je najjači argument kojim raspolažu predrasuda i psovka. Dolazila su anonimna pisma s primitivnim izrazima mržnje, pisma s crnim florom preko moje slike, a čak su dva saborska zastupnika potrošila pet ili više minuta koje plaćaju hrvatski građani da iz Parlamenta dokazuju kako sam minorni pisac.



**Sibila Petlevski,**

**književnica i znanstvenica, rođena 11. svibnja 1964. godine u Zagrebu. Diplomirala komparativnu književnost i engleski jezik na Filozofskom fakultetu u Zagrebu, te magistrirala i doktorirala. Predaje dramatologiju na Akademiji dramske umjetnosti Sveučilišta u Zagrebu, članica je Upravnog odbora PEN-a. Poezija i proza prevedene su joj na desetak svjetskih jezika, a dobitnik je nekoliko prestižnih nagrada. Roman "Noćni trening" je njezina deveta objavljena knjiga.**

**Makedonski glas: Koji su novi planovi autorice Sibile Petlevski?**

***Petlevski:*** Sakupila sam vrlo opsežnu dokumentarnu građu za novi roman pod naslovom Tabu i sve, ali baš sve što me odvlači od pisanja me trenutno nervira. Nakon uspjeha drame Ledeni general na Berliner Festspiele "Theatertreffen" natječaju, sad stvarno ne znam što napraviti s tim međunarodno selekcioniranim dramskim tekstom koji ima moto iz Aristofanovih Vitezova i bavi se temom ratnih veterana u Europskoj Uniji neke daleke budućnosti. Nikako da dođe na scenu – a to me prilično demotivira. Od domaćih redatelja nešto se malo za njega interesirao Branko Brezovec, ali zasad ništa. Imam loše iskustvo s dramama koje imaju veliku postavu, jer to automatski znači da su skupe, pa sam se opametila i upravo napisala dramu za samo dva muška lica.

**Makedonski glas: Kako je sad u PEN-u Hrvatske?**

***Petlevski:*** Vremena su mirnija, pa moj angažman u Hrvatskom PEN-u, nakon što je predsjedanje tom udrugom preuzeo kolega Maković, nije tako intenzivno kao prije. Više vremena posvećujem Međunarodnom PEN-u u čijoj sam sedmeročlanoj upravi i tu zastupam specifičnosti srednjoeuropskih i balkanskih penova.

**Makedonski glas: Na kraju, moram Vas pitati jedno intimno pitanje. Što je sa zakladom Vašeg oca, priznatog slikara Petlevskog?**

***Petlevski:*** Znaš onu priču iz 1001 noći - kad sultan želi upropastiti vezira onda mu pokloni najdragocjeniji poklon, a to je sveta životinja – bijeli slon. Nije se lako brinuti za bijelog slona: velik je, svet, zahtjevan i, što je najgore, nitko ne želi pomoći veziru oko slona, pa je vezir očajan, depresivan i najčešće osuđen na financijsku propast. Tako je i s opusom mojega oca koji je službeno registriran kao hrvatsko nacionalno blago, ali za to blago do sada nitko nije ponudio adekvatan prostor. Dapače, zaborav je velik. Strah me da bi i u Hrvatskoj i u Makedoniji netko uskoro mogao pri susretu s imenom Petlevskog pitati: "Tko si neznana delijo?"

Marina Apostolovska Vujaklija

## Вонредна седница на Собранието на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска

### АНГЕЛ МИТРЕВСКИ нов претседател

*По одлука на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, а поради настанатите проблеми, на 25 ноември 2006 година во Загреб се одржа вонредна седница на Собраниетона на заедницата.*

*По изведбата на државните химни на Хрватска и Македонија, в.д. претседателот на Заедницата, Никола Гроздановски, ги поздрави амбасадорот на Р.М. во Р.Х., неговата екселенција, Махи Несими, претседателот на Советот и Координацијата на македонското национално малцинство, Анастас Оџаклиески, делегатите на Собранието на македонските културни друштва и сите гости.*

На седницата присуствуваа 21 делегат (од 30), со што собирот можеше да донесува полноважни одлуки. МКД “Браќа Миладиновци” од Осиек со информација известија дека нивните делегати не се во можност да присуствуваат на Собранието.

На предлог од Друштвата, поради оправдани причини, од должноста во овој мандат разрешени се и предложени нови делегати и од Собранието едногласно потврдени:

МКД “Македонија”- Сплит, наместо Владимир Апостолски, Ангел Митревски,

- МКД “Илинден” - Риека, наместо Лидија Ѓореска, Михаило Давчевски.
- МКД “Охридски бисер” - Загреб, наместо Марин Гавровски, Орце Ламбевски.

Со оставките на Владимир Апостолски од Сплит и Марин Гавровски од Загреб, избрани се нови членови на Управниот одбор на Заедницата: Ангел Митревски и Благој Штерјов.

На седницата на Собранието предложен е дневен ред само со една точка - Изгласување недоверба на претседателката на Заедницата, Славица Сагадин и нејзино разрешување од досегашната функција и избор на нов претседател на Заедницата.

Потоа, присутните ги поздрави амбасадорот Махи Несими, кој истакна:

“Односите помеѓу Хрватска и Македонија се добри, а малите проблеми се разрешуваат во од. Во службена посета во Хрватска беа претседателот Бранко Црвенковски и бившиот премиер Владо Бучковски, а неодамна и новоизбраниот премиер Никола Груевски. Македонија ја посети и премиерот Иво Санадер. Претседателот Стјепан Месиќ го отвори хрватскиот конзулат во Битола. Хрватска и Македонија запознати се со добрите активности на Заедницата на Македонците во Хрватска. Владата на Македонија е определена да го оствари економскиот развој и ги повикува сите оние кои можат да вложат во стопанскиот развој, а владата на РМ тоа ќе го овозможи. Немило ги примам информациите за пропустите во друштвата. Можам да порачам дека не се важни поединци, тие се менуваат, битно е да бидете сложни и обединети.”

Поздравен збор упати и Анастас Оџаклиески. Меѓу другото, тој нагласи:

“Познато ми е дека проблеми имаат и другите национални малцинства. Тие настануваат од поединци кои се оптоварени со лични престижи. Заедницата е најкомпетентна за решавање на настанатите недоразбирања. Ако таа не презема мерки тоа се одразува врз работата на друштвата. Пример за тоа се друштвата “Кочо Рацин” - Пула и “Крсте Мисирков” - Загреб, чии случаи треба да се решат, зошто со тоа се кршат нормите на македонското национално малцинство.”

Алдо Климан, во името на новиот Управен одбор од МКД “Кочо Рацин” - Пула, ги поздрави присутните со желба по уписот во Регистарот на здруженија во Канцеларијата за општа управа во Пула, да бидат примени во членство на Заедницата.

Работниот дел на седницата започна со Извештај за финансиската состојба на Заедницата за време од 1 јануари до 31 октомври 2006 година. Надзорниот одбор изврши контрола на сите финансиски и книговодствени документи. Исцрпен извештај со потполн преглед на приходите и расходите поднесе Марија Бан, претседателка на НО. За правилно водење на финансиската работа предложени се нови мерки и постапки. Делегатите во своите дискусии бараа појаснувања. За поднесениот извештај на членовите на НО упатена им е пофалба.

За донесување на одлука за разрешување на Славица Сагадин од функција претседателка на Заедницата делегатите се запознати со нејзините постигнати резултати во почетокот на мандатот, но и големите пропусти во работата во оваа година. Посебно е истакнато: неизвршување на одлуките на Управниот одбор на Заедницата, пропусти во работата како член на Советот за национални малцинства, искажана лична волја при распределбата на финансиските сретства на друштвата со што ги довела истите во нерамноправна положба, создавање нездрави меѓучовечки односи како претседателка на МКД “Кочо Рацин” - Пула, омаловажување на значението на печатениот македонско-хрватски речник, пропусти во организацијата на овогодишниот Летен камп за деца во Пула и друго.

Во дискусијата учествуваа неколку делегати, кои изнесоа појаснувања за пропустите на Славица Сагадин. За сето тоа, со гласање на делегатите, Славица Сагадин едногласно е разрешена од функцијата претседателка на Заедницата и укинато и е правото за супотпишување на финансиската работа на Заедницата.

Пред да се избере нов претседател на Заедницата, Никола Гроздановски нагласи дека работата во управните органи на Заедницата и во друштвата е волонтерска. Тоа е работа со големи обврски, ама не е доволно призната. Позитивни резултати

можат да се постигнат само со добра организација, искажан труд и единство и соработка на сите членови.

По прифатениот договор секое друштво во еден мандат да истакнува кандидат за претседател на Заедницата, предложен е Ангел Митревски од МКД "Македонија" - Сплит. Пред делегатите Митревски се претстави со својата куса биографија и даде согласност за работа на таа функција. Така, делегатите едногласно го избраа АНГЕЛ МИТРЕВСКИ за претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Митревски, кусо заблагодарувјќи се на искажаната доверба, рече дека чесно и одговорно ќе ја исполнува функцијата, во соработка со управните структури на друштвата и другите македонски асоцијации. Ќе се труди да даде препознатлив придонес во корист на Заедницата и пошироко за македонското национално малцинство во Хрватска.

Марко Паризоски

## Изборно Собрание на МКД "Македонија"- Сплит

Сплит: Македонското културно друштво „Македонија" од Сплит на 13 октомври 2006 година го одржа своето редовно изборно собрание. По уводно-протоколарниот дел на Собранието, сите тела на досегашното раководство на МКД ги поднесоа своите извештаи за својата работа во периодот меѓу двете Собранија. Со усвојување на истите, се продолжи кон изборот на новото раководство на Друштвото.

За нов претседател на МКД „Македонија" е избран Ангел Митревски, кој во својот прв настапен говор пред членовите на Друштвото рече дека ќе работи заедно со своите соработници на подмладувањето на членството на МКД, со вклучување што помлади луѓе во работата на секциите, како и со што подобра презентација на македонското културно богатство за граѓаните на Сплит.

По работниот дел на Собранието беше приредена закуска за членовите на Друштвото и нивните гости. Изненадување за сите беше доаѓањето на македонската пеачка ѕвезда Тоше Проески, кој пред својот настап во клубот „Трибу" намина да ги поздрави своите сонародници и се придружи кон нивната веселба. Посебна чест за пеачката група беше заедничкото пеење со Тоше.

А.М.

## ПРОСЛАВА НА ДЕНОТ НА СОВЕТОТ

Свеченост по повод Денот на Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб се одржа во Големата сала на Новинарскиот дом, на Хрватското новинарско друштво, на 19 декември 2006 година. Најнапред, претседателот на Советот, Анастас Оџаклиески, ги поздрави гостите: Шемсо Танковиќ, Давид Орловиќ, членовите на Советот и членовите од другите Совети на националните малцинства на Град Загреб, како и сите присутни.

Притоа, Оџаклиески го претстави и првиот број на Билтенот на Советот.

По музичката програма настапија "Езерки" и оркестарот "7/8".

Поопширно за овој настан во следниот број на "Македонски глас".

М. П.

## ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ЗАГРЕБ

Во рамките на Деновите на македонската култура во Загреб, на 15 декември 2006 година МКД "Охридски бисер" организира предавање "КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ - ЖИВОТ И ДЕЛО". Предавањето го одржа д-р Снежана Веновска од Институтот за македонски јазик од Скопје, која по пат на електронско претставување ги водеше присутните низ музејот на Институтот и ги запозна со документите од животот и дејноста на Крсте Мисирков.

Во музичкиот дел на програмата, Ема Абаџиева, младата членка на симфонискиот оркестар на ХРТ, настапи со коктел композиции на обоа.

М. П.

## КООРДИНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА



По повод Денот на Координацијата на националните малцинства на Град Загреб, на 8 декември 2006 година во олемата сала на Градското Собрание одржана е

**Свечена седница на Координацијата.**

Претседателот на Координацијата, Давид Орловиќ, ги поздрави гостите: Милан Бандиќ, Татјана Хољевац, Морана Груден Паликовиќ, Александар Толнауер, Ивица Рачан, пратеници од Хрватскиот Сабор, претставници на Европската комисија, од странките ХСС, ДЦ, ХСП и верските заедници, амбасадорите на Египет и Унгарија и претставници од амбасадите на 15 држави, меѓу кои и на Македонија, Италија, Иран и Кореја, високи државни и градски политички функционери и сите претстав-

ници на Советите на националните малцинства на Град Загреб. Во обраќањето се осврна на постигнатите резултати во минатата година, но и на проблемите што се јавуваат, па рече: “Ги усогласуваме и унапредуваме интересите на 15 национални малцинства на Град Загреб. Дејствуваме со размена на искуства, одбрана на интересите на секое национално малцинство и со реализација на заеднички програми. Темелна рамка за работа ни е Уставниот закон за правата на националните малцинства. И покрај тоа што програмите по тој закон ние во Загреб најуспешно ги водиме, треба да се нагласат и за проблемите во нивната примена. Во анализа за примена на тој закон треба да се вклучат Советот и парламентарните пратеници на националните малцинства, политичките странки, верските заедници, медиумите и вкупното хрватско општество. Во името на Координацијата имаме предлог изборите на Советите и претставници на националните малцинства да се спроведат заедно со локалните избори со што се заштедуваат околу 25 милиони куни”.

На Свечената седница гостите ги поздравија Александар Толнауер, претседател на Советот за национални малцинства при хрватската Влада, Милан Бандиќ, загрепскиот градоначалник, протојереј-ставрофор на СПЦ Маринко Јуретиќ во името на сите верски заедници, д-р Радомир Павичевиќ, претседател на Националната заедница на Црногорците во името на сите малцински заедници и амбасадорот на Унгарија, Ласзло Мохаи, во името на сите амбасади во Хрватска. На крајот, Ивица Рачан, претседател на Националниот одбор при Хрватскиот Сабор и претседател на СДП, ги поздрави гостите задоволен со постигнатите резултати и со порака да сториме сé и така успешни да влеземе во Европска унија.

М. П.

## УСОГЛАСУВАЊЕ НА СТАВОВИТЕ

Пула: Состанокот на Советот на македонското национално малцинство на Град Пула, одржан на 23.11.2006, беше прилика за согледување на стореното и оствареното.

Првата точка, што го привлече вниманието на делегатите, беше несоодветната политика на локалната самоуправа во финансирањето на работата и активноста на советите на националните малцинства на Град Пула, а информацијата ја даде претседателката на Координацијата на Советите на националните малцинства на Град Пула и на Советот на македонското национално малцинство, д-р Олга Ангеловска, која рече: “Таа тема доби во актуелноста со одлуката на Поглаварството на Град Пула, досегашните износи од 50.000,00 куни годишно, што линеарно им ги доделуваше на сите Совети без оглед на бројноста на изборната седина, бројот на претставниците, акционите програми, состојбата во која работат без простории и со несоодветна опрема, да ги намали за 33,2%, со што се доведе во прашање натамошното постоење на малцинските претставнички структури во градот.” Потоа, стана збор за организирањето активи по градовите во Истра, каде бројот на Македонците е голем но според Изборниот закон на Р.Х. недоволен за создавање Совет, па прифатен беше предлогот да се упати барање до тие градови, кои би партиципирале во финансирањето на работата на Советот.

По прашањата на Републичката координација на Советите од македонските национални малцинства, во која, по нејзината оставка, се бараат соодветни мерки и чекори кон делегатот Славица Сагадин, во Координацијата е делегиран инж. Трајко Стојковски.

Р.Д.

## “Поетот на обоата”



Јубилејниот концерт, насловен ‘’Васил Атанасов со пријателите’’, беше настан кој се најде во фокусот на македонската музичка јавност, во Домот на АРМ во Скопје на 10 ноември 2006 година. И со право, но и со вистинско задоволство, бидејќи беше тоа возвишен уметнички чин, прослава на еден богат, интензивен и успешен уметнички живот на концертната уметничка сцена, на која и овој пат уметникот славеник и се предаде целосно свирејќи на својата обоа.

Васил Атанасов – уметничката ѕвезда на обоа на оваа вечер, а со него и неколкумина одбрани музички уметници, со кои тој еднаш или повеќе пати ја делел концертната сцена, беа двигателите на креативната музичка сеанса, полна со емоции, трепетни валери, духовност што исполнува, зашто доаѓа од длабочините на уметничкото срце: оперските примадони Милка Ефтимова и Весна Гиновска – Илкова, вонредните пијанисти Јагода Тренеска Цветичанин, Катерина Костадинова Гелебашева и Глигор Гелбашев, нашиот чест оперски гостин од Хрватска – Слободан Цветичанин, извонредната харфистка, Кохи Андонијан од Бугарија, потоа реномираната виолинистка Ана Кондратенко, како и Камерниот оркестар “Скопски солисти” со диригентот Ле Фи Фи. Заедничката уметничка вечер измина низ конферансието на Гордана Куновска Ангеловска. Сета оваа музичка енергија на сцената зрачеше низ блескав уметнички настап на нашиот обоист Атанасов и неговите пријатели,

давајќи и на публиката една уметничка бисерна вечер со чисти хармонии, со убавина која возбудува, зошто изникнуваше од искреното музичко разбирање меѓу нив.

Едноставно, неговата обоа ‘’пееше’’ и ја создаваше “магијата на музиката”.

Васка Наумова – Томовска
музички критичар

## МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

Во рамките на манифестацијата “Светски ден на младите - Мултикултурализам” преставена е Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а во организација на Центарот за култура “Трешњевка” и МКД “Охридски бисер” од Загреб. Приредбата се одржа на 11 ноември 2006 година во Домот на културата “Пречко”, а водител беше Веселко Леутар. За оваа манифестација загрепските Македонци и нивните пријатели покажаа голем интерес, а салата беше исполнета до последното место.

Приредбата ја водеше Горан Батина, извршен директор на издавачката куќа “Јесенски и Турк” и претседател на здружението “Култура и друштво” - Загреб. За поимот мултикултурализам и што тоа претставува, во рамките на трибината зборуваше доцент д-р Саша Божиќ од Универзитетот од Задар, Оддел за социологија, кој истакна дека под мултикултурализам сé се смета позитивно, се поврзува со почитувањето туѓи вредности и норми, а тоа се однесува и на националните малцинства. Мултикултурализмот нема свој водач, не е авторитарна идеологија, нема службена историја, но се противи на единствената монокултурна формулација.

Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, од нејзиното формирање во 1991 година до денес, ја претстави в.д. претседателот д-р Никола Гроздановски. Активноста се спроведува во шест организирани македонско - културни друштва, кои со своите програми остваруваат музичко - сценски настапи, ликовни изложби, литературно - лингвистички вечери, просветно - педагошка и информативно - образовна програма, одбележување на значајни датуми од историјата на Македонија и Хрватска, претставување книги во издание на Заедницата и нејзиното списание “Македонски глас”. Во Загреб, во втора учебна година работи Училиштето за негување на македонски јазик и култура. Сите тие програми се финансирани од Владата на РХ преку Советот за националните малцинства. За задоволување на верските и духовни потреби оформени се три Македонски Православни Црковни Општини, а Македонската Православна Црква во Хрватска има и свој протојереј - парохиски свештеник. Во рамките на трибината, за нашата прва татковина Македонија, за нејзиното политичко и културно минато и денешната состојба во неа, зборуваше публицистот Огнен Бојаџиски.

Во културниот дел од програмата учествуваа секциите на МКД “Охридски бисер” од Загреб, кои исполнија неколку македонски народни песни.

М. П.

## ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ “ДОЛАЦ” ВО ПСЕТА НА МКД “ИЛИНДЕН”



Група петнаесетина ученици од Основното училиште “Долац” од Риека на 26 септември 2006 година го посетија МКД “Илинден”. Предводени од проф. Весна Чавиќ учениците од второ и четворто одделение кои се во целодневна настава, во својата програмска дејност овие денови имаа планирано да ги посетат риечките малцински здруженија. Во македонскиот клуб учениците со интерес се распрашуваа за дејностите, за јазикот, за бројноста на македонското малцинство и многу слични теми.

Малите гости ги поздрави претседателот Христодулов и ги запозна со многу нешта врзани за активностите. Учениците беа почестени со бонбони и сокови, а сите добија подарок - книгата “Кралевиќ и луда” од Митко Тренески, а за училиштето комплет кутија ЦД со македонски цртани филмови за деца.

В.Н.

## МАЛЦИНСКА КУЛТУРА ВО МУЛТИЕТНИЧКИТЕ ОПШТЕСТВА

Во рамките на манифестацијата ЕТНО СМОТРА која оваа година се одржува по десетти пат, во Градското Собрание на Град Риека се одржа трибина за “Малцинската култура во мултиетничките друштва” организирана во соработка на ОЕСС, а по повод пристапување на Хрватска во споменатата Конвенција за заштита и унапредување НА различностите во културните изрази.

Претседателката на Советот на српското национално малцинство за Град Риека, Даринка Јањанин, нагласи дека Риека е мултиетнички и мултикултурален град и истакна дека разговорите за малцинскоте прашања треба да се изместат од тесните академски кругови. Предложи да се примени модел и во интеркултуралноста, а не само во мултикултуралноста која само констатира појава, но во себе нема динамичност со изменливи елемнти. Градоначалникот Војко Оберснел рече дека Конвенцијата е релативно нова и дека Хрватска е една од ретките земји која ја прифатила.

- Конвенцијата ги поттикнува државите да ја заштитуваат посебноста а и правата на малцинствата, но во Риека таков пристап е дел од традицијата. Во Риека денес 12,5% од населението им припаѓа на некое од националните малцинства. Правата се институционализирани преку Советите на националните малцинства, а наскоро малцинските претставници во Советите ќе бидат избирани заедно со изборите за локалното Собрание. Градоначалникот заклучи дека ЕУ поставила многу високи критериуми кои се однесуваат на малцинските прашања во земјите кои сакаат да постанат членки во ЕУ, а тоа сигурно не е лошо. Сите граѓани на Риека без оглед на националната припадност мораат да бидат рамноправни. По тоа се разликуваме од многу средини, и на тоа сме горди. Националните малцинства се богатство во нашиот град и мост за соработка кон соседните земји, изјави Оберснел.

Заменикот на водителот на ОЕСС мисијата Роберт Бекер рече дека луѓето некаде се малцинство, а некаде припадници на мнозинскиот народ.

- Европската Унија е збир на различни народи, јазици и религија. Токму таа разнообразност развива посебно единство. Драго ми е што тој модел функционира во Риека и треба да бидете пример за сите земји во регионот, рече Бекер.

Аљоша Пужар од Филозофскиот факултет во Риека на трибината предупреди дека Конвенцијата не треба да се идеализира, иако во неа е поставена рамка за светот во кои сите сакаат да живеат.

По завршувањето на трибината, градоначалникот Оберснел приреди прием за претставниците на малцинските заедници.

На трибината македонското национално малцинство го застапуваа Михаило Давчевски, претседателот на Советот на МНМ за Град Риека и Илија Христодулов, член на Советот.

В. Настески

## ФОЛКЛОРЕН КОНЦЕРТ НА РИЕЧКОТО КОРЗО

Во рамките 10. јубилејна етно смотра Денот на националните малцинства, која се одржува во Риека под мотото "Богатство е да се живее во заедништво", на бината на риечкото Корзо беше одржан фоклорен концерт на малцинските здруженија. Настапија КУД "Шота" на Албанците, вокалната група "Монтенегрина" од Риека, вокалната група "Словенка" од Матица Словачке Риека, фолклорната група "Ромско единство" од Ромската заедница, женската вокална група "Илинден" Риека, полската фолклорна група, Заедницата на Италијаните со фиумански песни, фолклорна група "Емона" од Љубљана, гости на КПД "Базовица" на Словенскиот културен дом од Риека, КПД на Русините и Украинците "Рушњак", Риечките Рибице од Чешка беседа, Ромската женска удруга "Бољи живот" и фолклорната група на Демократска заедница на Унгарците од ПГЖ.

Македонските фоклористи својот настап го одработија професионално. Групата ја предводеше Јуре Ружиќ на синтисајзер, а девојките на многубројната публика им се претставија со китка македонски ора и песни.

Паралелно со концертот се одржа и Традиционалниот шаховски турнир на малцинствата во просториите на минатогодишниот победник-Заедницата на Албанците, на кој зедоа учество 8 екипи, меѓу кои и Шаховската секција на МКД "Илинден".

В.Н.

## "ТАНЦ ПОД ФЕШТУ" ВО ОХРИД - "МАКЕДОНСКО ДЕВОЈЧЕ" ВО ЈЕЛЕЊЕ

Како промотори на Гробник, Приморје, Хрватското фолклорно КУД "Звир" од општината Јелење учествуваше на 45. меѓународен фестивал на танци и песни во Охрид од 6-11 јули 2006 година. Заедно со фолклорните друштва од Бугарија, БиХ, Црна Гора, Албанија, Србија, Турција и домаќините, "Звир" настапи со "Песни и игри низ Хрватска", а Охриѓаните посебно ги воодушевија со своето карактеристично пеење и со танцот "Танц под фешту".

Културно уметничкото друштво "Бисери" од Охрид им возврати посета на Јеленчаните на патронажниот празник на Св. Миховил на 29 септември. На организираниот концерт "Затанцајмо по домачи", поред Бисерите беа повикани КУД "Шокице", КУД "Метковиќ" и "Чешка беседа". Во тек на шестодневниот престој, домаќините своите гости ги прошетаа низ знаменитостите од овој крај, како што со Охриѓаните ги посетија многуте охридски убавини. Во прошетките низ Риека го посетија и македонскиот клуб, се сретнаа со членовите на МКД "Илинден" и се запознаа со неговите дејности.

В.Н.

## УМЕТНИЧКА АКЦИЈА НА НАДА ПРЉА ВО РИЕКА

"Напредна морфологија" е името на уметничкиот проект на македонската авторка Нада Прља од Скопје, која од 1-6 октомври 2006 г. се претстави на Титовиот плоштад во Риека. "Турбулентната историја на градот Риека, каде директните импликации на политичките решенија дејствуваат врз секојдневието", ја инспирираа авторката јавно да прикаже девет знамиња настанати со транформацијата на новосоздадените држави - републики на бившата Југославија. Овој проект ја фокусира јавноста кон политички дискусии за историјата и иднината на Балканот и Европа, а во тој смисол постави тетратки под знамињата, на кои минувачите можеа да го изразат своето мислење.

Нада Прља е македонска уметничка која живее и работи во Лондон. Докторирала на "Ројал Цоллеге оф Арт" во Лондон, а творештвото го насочила кон специфични проекти. Најчести теми и се проектите од европскиот идентитет.

В. Н.

## ЕСЕН ВО ТВРЃА



Во организација на Градското поглаварство на Осиек, на 30 септември 2006 година одржана е манифестацијата „Есен во Тврѓа", на која учествуваа националните малцинства од Осиечко барањската жупанија. Учество зедоа и Македонците, и тоа кулинарската секција на друштвото "Браќа Миладиновци". Секое малцинство требаше да прикаже како и на кој начин се подготвуваат за зима. Кулинарската секција се претстави со правење на ајвар, и тоа на лице место. Запаливме оган и испековме пиперки. Потоа, пиперките ги излупивме, сомлевме, и на крајот ги испрживме. Додека траеше работата се пееше, ама и се играше. Нетрпеливите посетители едвај дочекаа да се испржи ајварот за да можат да го пробаат, но и да го добијат рецептот.

Б. Ј.

## Киро Глигоров во Загреб

Од 15 до 17 јануари годинава, првиот претседател на независна Р. Македонија, Киро Глигоров, престојуваше во официјална посета на Р. Хрватска, како гостин на хрватскиот претседател, Стјепан Месиќ. Освен државничките обврски, тој се сретна и со претставниците на македонските асоцијации во Хрватска. При тоа, беа разменети мислења и сугестии за идните заложби на Македонците во дијаспората, а Глигоров ги презентираше и своите сеќавања од времето на осамостојувањето на Р.Македонија, но и за тоа зошто не сакал да оди во Хаг, како сведок против првиот хрватски претседател, Фрањо Туѓман.

Престојот на К. Глигоров беше проследен од повеќето хрватски медиуми.

М.А.В.

## Прославен 11-ти Октомври

Во Задар беше свечено прославен македонскиот празник 11. октомври. Тука секогаш се користи можноста да ги развеселиме и Македонците и Хрватите, и да се потсетиме на нашето минато, при што на овие дружења најмногу се застапени песните иората.

Со интонирање на химните, читање на поздравно писмо испратено од Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, дружењето беше уште поубаво.

Е.Л.

## Македонска вечер во Задар

Со програмата "Песни и поезија" во Задар, МКД "Биљана" воедно направи и Македонска вечер. Долго се подготвувавме, со оглед на тоа дека се готвеше "гравче-тавче", а сето тоа го подготвуваа неколку членови на друштвото.

На вечерта беа присутни стотина луѓе, а водител беше Еми Лонгин, која ги читаше и своите авторски песни. Олга Барбир ги забавуваше гостите со македонска народна музика и сплет други песни. Нашата млада пеачка надеж, Марија Јовановска, со многу убав сценски настап отпеја забавни песни.

И благодариме на Анка Рабузин, како и на другите гости на вечерата: Ренате Херманс- водителка на ОСЦЕ-Задар, Ивка Ќориќ-претставничка од Жупанијата, претставниците на МКД "Македонија", Милан Бијелиќ-водител за проекти на здружението "МИ"-Сплит и претставници од сите малцинства на Задарската Жупанија.

Дружењето продолжи длабоко во ноќта, а по реакцијата на гостите, беше очевидно дека сме народ кој е гостропримлив и весел.

Е.Л.

## Фала за Ренате Херманс

Нѐ зближи и со неа постигнавме големи успеси. Седумте малцинства постигнаа многу во соработка со Ренате Херманс водителка на ОСЦЕ-Задар. Херманс замина на должност во Вуковар. Нејзиниот несебичен допринос во Задарска Жупанија ќе остане во впечаток на сите малцинства и институции.

По тој повод таа направи прием за претставниците на сите институции и од Задар и на сите малцинства.

Во име на седум национални малцинства се обрати Мирјана Мајиќ –претставничка од Македонците, и се заблагодари за нејзината соработка. Таа посака и понатаму да соработуваме.

Ренате, благодариме за трпението што го имаше со нас.

Е.Л.

# IX. МАНИФЕСТАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО ТВОРЕШТВО НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА





Овогодишната традиционална манифестација на културното творештво на националните малцинства во Република Хрватска се одржа на 5 ноември 2006 година во Концертната сала "Ватрослав Лисински". Под високото покровителство на Владата на Република Хрватска и во организација на Советот за национални малцинства на Република Хрватска шеснаесет малцински заедници, унии, сојузи и културни друштва, со над 600 учесници, го претставија своето културно национално богатство.

Поздравна реч на сите присутни им упати Александар Толнауер, претседател на Советот за национални малцинства, кој упати поздрави до потпретседателката на Владата, Јадранка Косор, амбасадорот на ОЕСС во РХ, Јорге Фуентес Монзонис Вилалонга, до амбасадорите на неколку држави, пратеникот на претседателот на РХ, Синиша Таталовиќ, пратениците од Собранието на РХ, претставниците на верските заедници, припадниците на националните малцинства и до сите гости и учесниците во програмата.

Александар Толнауер, при тоа рече:

*"Početkom novoga desetljeća s gospodarskom, kulturnom, političkom i društvenom umreženošću svijeta, započeo je intenzivni proces političkih promjena u stvaranju novih demokratskih odnosa u Europi i svijetu, gdje su prihvaćene snošljivosti nacionalnih, vjerskih, političkih, kulturnih i drugih različitosti među ljudima osnovni preduvjet za opstanak pravedne, slobodne i istinske demokratske zajednice. U takvim globalnim promjenama, RH je usvajanjem Ustavnog zakona o pravima nacionalnih manjina stvorila sve ključne normativne pretpostavke za cjelovitu zaštitu i razvoj manjinskih prava, od zastupljenosti u Hrvatskom Saboru do lokalne samouprave. Sadašnja, ukupna, politička i socijalna situacija u RH, uz sve probleme s kojima se susreću nacionalne manjine, pokazuje veliki napredak za položaj nacionalnih manjina te vidni iskorak u ostvarivanju manjinskih prava. Ono što nas posebno ohrabruje, je činjenica da je svijest, da je Republika Hrvatska multikulturalna i multinacionalna, postaje dio naše svakodnevnice, a sve manje ekskluziva za pojedine prigode. Uvažavajući hrvatsku stvarnost i hrvatski identitet, a prezentirajući vlastiti, ovim se stvaraju pretpostavke za kvalitetan suživot i naj-model za kojim svi težimo: 'zajedništvo u različitosti'.*

*Uvjeren sam da će ova današnja Manifestacija iznova pokazati visoku razinu kulturnog stvaralaštva naših nacionalnih manjina, kulturne različitosti, ali različitosti koja nas povezuje, te pridonijeti promicanju uzajamne tolerancije i povjerenja."*

Во името на Владата на гостите им се обрати и Јадранка Косор, потпретседателка на Владата и министерка за семејства, бранители и меѓугенерациска солидарност, која нагласи дека оваа вечер е вечер на мирот, толеранцијата и дружењето на националната култура на малцинствата, со желба за зачувување на идентитетот и обогатување на културниот простор на Република Хрватска.

Со спектар на бои, носии, везови, танци, песни и ора на бината настапија учесниците на приредбата. Аплаузот за нивнате изведби стивнуваше само до новата најава.

Оваа година имаше и некои новости, пред сé во изборот на културните друштва и во нивните изведби. Унијата на Италија, која ја започна приредбата, се претстави со младиот пијанист Горан Филипец. Членовите на Заедницата на Германците изведоа сцена од операта "Волшебната флејта" од В. А. Моцарт, а Сојузот на Словенците се претставија со мешовитиот пеачки хор "Триглав" од Сплит. За прв пат настапи и Полското културно здружение "Николај Коперник" од Загреб.

И Заедницата на Македонците оваа година настапи во нов состав. Тоа беа пеачкате групи "Македонија" со инструменталниот состав "Македо" од МКД "Македонија"- Сплит и "Моми бисерни" од МКД "Охридски бисер" - Загреб, под водство на Олга Барбир и Лидија Кочовска. Весели и распеани во раскошните македонски носии ги исполнија песните "Дали думаш либе" и "Каранфило моме", со што измамија долготраен аплауз од публиката.

На крајот на приредбата сите учесници и публиката ја исполнија химната на Европската унија "Ода на радоста", со желба за средба во следната година на јубиларната прослава.

М. Паризоски

# Нова вокална група во Загреб
# "МОМИ БИСЕРНИ"



Македонското културно друштво "Охридски бисер" од Загреб оваа година ги интензивира своите активности со организирање на повеќе културни приредби, но и со формирањето на вокалната група "Моми бисерни". Ова поетично име потекнува од убавото Охридско езеро, познато по неговите школки бисерни, од кои се изработуваат во светот познатите "охридски бисери". Синоним за Охрид и неговото езеро се бисерните ѓердани, кои од секогаш ги украсуваат не само момите македонски, туку и сите оние кои ја сакаат нивната убавина. Традиционалната песна од охридскиот крај е во придружба на чалгии со трубадурска особеност. Сеќавајки се на минатите времиња одбран е предлогот на Снежана Станзл новоформената вокална група да го носи името "Моми бисерни", со што Снежана стана и кума на групата.

Со особен ентузијазам на членките, пред неполни два месеца започна нивната подготовка. Водителка на групата е Лидија Кочовска, со диплома на дувачки инструмент - обоа на Музичката академија во Скопје. Лидија има потекло од музичко семејство, а нејзините родители беа долгогодишни членови на познатата група "Мањифико". Нејзиното доаѓање во Хрватска е врзано со амбицијата за афирмација и изградба на личната пеачка кариера на овие простори.

Групата "Моми бисерни" ја сочинуваат членови и членки со искуство, од кои повеќе од нив пееле во пеачката група "Распеана Македонија". А тоа се: Калијана Дукиќ, Ружа и Едуард Павишиќ, Нада Клемар, Весна Брлек, Рената Фирст, Снежана Станзл, Мариа Тереса Сурла, Марија Крстева и младите членки Елена Пашкван и Јасмина Ерцег.

Водителката Лидија Кочовска истакнува дека тоа е аматерска група со добар музички потенцијал, која негува изворни македонски староградски и народни песни. Со ентузијастичко размислување и меѓусебна соработка можно е да се очекуваат добри резултати.

Во ова кусо време, од почетокот на нивното дружење и пеење, "Моми бисерни" веќе имаат неколку успешни настапи: IX. Манифестација на националните малцинства во "Лисински", "Мултикултурализам", Денови на македонска култура, "Рацинов ден" во Самобор и во Европскиот дом на презентација на македонски вина, што ја организираше Лајонс Клуб "Максимир" од Загреб.

Им посакуваме успех во натамошната работа и ги повикуваме сите оние кои ја сакаат македонската песна да им се придружат.

М. Паризоски

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ВИНА

**Уште една хуманитарна акција на Лајонс клубот (Lions club) "Максимир" од Загреб**



Лајонс клубот "Максимир" од Загреб на 24 ноември 2006 год. во Европскиот дом во Загреб одржа уште една своја хуманитарна акција. Беше тоа "Презентација на македонски вина".

Пред 200-те гости, членови на Лајонс клубовите во Загреб и Хрватска, но и некои челници на општествениот живот, беа претставени 50-тина сорти македонски вина. Најголемиот дел од нив, бесплатно ги обезбеди фирмата "Робиќ" од Велика Горица, која е застапник на вината што ги произведува "Тиквеш" од Кавадарци. За нивниот квалитет, потекло и начинот на дегустација, на оваа пријатна манифестација говореше Марјан Алексовски, сопственик на првиот македонски ресторан во Хрватска, во Риека, инаку образован сомилие - дегустатор на вина.

Музичкиот дел на програмата на таа вечер ја збогати групата "Моми бисерни" и оркестарот на Македонското културно друштво "Охридски бисер" од Загреб, а особено беше поздравен пејачкиот настап на Лидија Кочовска со интерпретацијата на неколку нејзини песни, кои наскоро треба да се најдат на нејзиниот прв ЦД што ќе биде издаден во Загреб.

Освен во пријатната вечера и дегустацијата на вината, гостите имаа можност да купат и по неколку шишиња македонско вино од новата палета на вината на "Тиквеш", кое по квалитетот посебно ги изненади .

Средствата собрани од конзумацијата и продажбата на вината Лајонс клуб "Максимир" ги донираше за организацијата "Јас го можам тоа" од Загреб, која се грижи за деца со потешкотии во развојот и комуникацијата, учењето и растењето, за набавување на дидактички средства.

Ете, беше тоа уште едно убаво дружење во центарот на Загреб, кое и покрај задоволството на вкусната храна и квалитетното вино, донесе задоволство што некои деца ќе можат подобро да го продолжат своето образование.

М.А. Вујаклија



# Месиќ во РМ

За време посетата на РМ, втора по ред, хрватскиот претседател Стјепан Месиќ покрај разговорите со својот домаќин, претседателот на Р. Македонија, Бранко Црвенковски, беше примен и од претседателот на Собранието на РМ, Љубиша Георгиевски и од претседателот на Владата на РМ, Никола Груевски.

Во разговорите билатералните односи се оценети како мошне добри, со што двете земји заеднички придонесуваат во обезбедувањето на мирот и стабилноста во регионот. Исто така, оценето е дека на двете земји заедничка цел им е членство во ЕУ и НАТО, и во таа смисла е подвелечена потребата од меѓусебна соработка во таа насока.

Во разговорите е подвлечено дека и економската соработка исто така бележи нагорен тренд, при што и натаму РМ има суфицит во меѓусебната размена. Истакната е определбата за искористување на добрите политички односи за унапредување и на вкупната економска соработка. Инаку, претседателот Месиќ и премиерот Груевски присуствуваа и на одржаниот македонско-хрватски економски форум во Стопанската комора на Македонија.

М.А.В.

### Хрватска и Македонија очекуваат покана за членство во НАТО во 2008 год.

Хрватска и Македонија очекуваат добри вести од претстојниот Самит на НАТО во Рига и покана за членство во 2008 година, изјавија премиерите на двете земји Иво Санадер и Никола Груевски на последната средба во Загреб.

- Оптимисти сме дека во 2008 година ќе добиеме покана за членство во НАТО, но претходно треба да ги завршиме планираните реформи. Убеден сум дека и Македонија и Хрватска ке го сторат тоа, истакна Груевски.

Македонија, како што нагласи Груевски, во следните 12 месеци значително ќе ги интензивира и напорите за добивање датум за преговори за членство во Европската Унија. – Владата со забрзано темпо работи на реформите. Верувам дека по 12 месеци нашиот прогрес ќе биде вреднуван од Брисел, изјави Груевски. Тој оцени дека прогресот што во тој правец ќе го постигне Хрватска само ќе и помогне на Македонија.

Хрватскиот премиер Санадер истакна дека во разговорите станало збор и за соработката меѓу двете земји, која е оцената како многу добра.

Македонскиот премиер Никола Груевски пред средбата со својот хрватски колега беше примен од претседателот на Хрватска, Стјепан Месиќ, а посетата на Загреб ја заокружи со средба со претседателот на Саборот, Владимир Шекс.

М.А.В.

### Балканот се ослободува од минатото

Риека: Министрите за надворешни работи на земјите од Процесот на соработка во југоисточна Европа (СЕЕЦП) на 9 декември годинава во хотелот “Бонавија” на неформалниот состанок го поддржаа зацврстувањето на СЕЕЦП, кое ќе ја превземе политичката власт од досегашниот Пакт на стабилност.

“СЕЕЦП  е незаобиколна во создавањето на стабилниот мир и сигурност во овој дел на Европа”, рече на отворањето на состанокот хрватската министерка за надворешни работи, Колинда Грабар - Китаровиќ и најави дека СЕЕЦП,  со кој од мај минатата година претседава Хрватска,  ќе стане главно тело за координација за регионална соработка и наследник на Пактот и ќе биде негово извршно тело.

На средбата, како посебни гости беа и: координаторот на Пактот за стабилност, Ерхард Бусег, водителот на Европската комисија во Хрватска, Винцент Дегер и водителот на УМНИК  Јоаким Руецкер. Покрај македонскиот заменик на минстерот за надворешни работи, Зоран Петров, на состанокот присуствуваа и министрите на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Молдавија, Романија, Србија и Турција, како и Црна Гора, која веќе има поднесено  молба за прием во членството.

### Министерот Петров во Македонскиот клуб

Заменикот на министерот за надворешни работи на Македонија, Зоран Петров, по состанакот со министерите, во придружба на државниот советник за билатерални работи со земјите на Југоисточна Европа, Шенол Деваја и амбасадорот на РМ во РХ, Махи Несими, го посетија македонскиот клуб во Риека. Во кусиот престој гостите беа пречекани од петнасетина риечки Македонци, со кои поразговараа во пријатна атмосфера.

На гостите претседателот на Советот МНМ на Град  Риека, Давчевски и претседателот на МКД “Илинден”, Илија Христодулов, им се заблагодарија за посетата и накусо ги запознаа со активностите на Македонците во Риека, за досегашните постигнати резултати во овие петнаесетина години, како и за идните планови.

Притоа, Петров се заблагодари за пречекот, а посебно беше задоволен со прзентираните резултати и активности. Во своето обраќање тој се осврна и ја претстави новата македонска влада и напорите кои се чинат за подобрата иднина на Македонија. За спомен на престојот на Петров му беше врачена монографијата на МКД “Илинден 1991 -2006”.

В. Н.

# ОРА И ПЕСНИ ДО УТРИНСКИТЕ ЧАСОВИ

## Македонска вечер во Загреб





Традиционалната Македонска вечер, поточно прославата на Новата 2007 година по Јулијанскиот календар и Василица, се одржа на 13 јануари годинава во ресторанот "К пивовари", во организација на МКД "Охридски бисер" од Загреб.

Голема чест ни приредија поканетите гости: Татјана Хољевац, претседателка на Градската Скупштина на Град Загреб, Шемсо Танковиќ, претставник на македонското национално малцинство во Хрватскиот Сабор, амбасадорот Махи Несими, Александар Толнауер, претседател на Советот за национални малцинства при Владата на РХ, Иван Џо Петрески, претседател на Матицата на иселениците од Македонија, Тодор Петров председател на Светскот македонски конгрес, министерот советник во амбасадата на Р.М. во Р.Х., Стојан Руменовски и советникот, Данчо Петровски, воениот аташе, генералот Драган Андрески, Ангел Митревски, претседател на Заедницата на Македонците во РХ, Анастас Оџаклиескi, претседател на Советот на македонското национално малцинство, протојерејот на МПЦ во РХ Кирко Велински и многу други ценети гости.

Програмата ја водеше искрениот пријател на Македонците во Хрватска, Вјекослав Мадуниќ, новинар и спикер на Хрватското радио.

Манифестацијата ја отвори Шемсо Танковиќ, кој упати честитки за македонската Нова година и го изрази своето задоволство зошто, како рече, убаво се чувствува со своите Македонци.

Амбасадорот Махи Несими во својот поздрав истакна дека Република Македонија помина успешна година. Во новоизбраната Влада имаме доверба која со нов елан ја почна економската реформа, па ги повика стопанствениците да се вклучат во неа.

Татјана Хољевац, со насмевка рече: "Dragi moji Makedonci i Makedonke, u svoje ime i u ime Skupštine Grada Zagreba čestitam vam Novu godinu i želim vam sve najbolje". Ангел Митревски, во името на Заедницата и сплитските Македонци, на присутните им посака добро расположение. Иван Џо Петрески заблагодари на гостопримството и посака среќа и радост во Новата година. Благој Штерјов, претседател на МКД "Охридски бисер", изрази посебно задоволство што се присутни толку голем број Македонци и загрепски пријатели, па се заблагодари на членовите на друштвото за успешната организација.

На оваа прослава, покрај загрепските посетители, драги гости беа и членовите на МКД "Македонија" од Сплит и друштвото "Ромски сон" од Загреб, чии многубројни членови се по потекло од Македонија.

За веселата атмосфера и доброто расположение на присутните се погрижија членовите на македонската група "Боеми". Салата беше исполнета со македонски песни и ора, особено кога се пееја "Македонско девојче", "Елено, ќерко Елено" и "Битола мој роден крај".

Организаторите на прославата со радост го изненадија најстариот член на друштовото "Охридски бисер", Душан Чешмаџиски кој на ден на Василица го слави својот 83. роденден. На радост на сите присутни подарена му е збирката песни "Солзи полни насмевки" на Елизабета Петровска.

Оваа манифестација беше реализирана со средствата од државниот Буџет на РХ со посредство на Советот за националните малцинства при Владата на РХ и со спонзорските донации за богатата томбола.

М. Паризоски



# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ЗАГРЕБ



Овогодишните "Денови на македонската култура во Загреб", како дел од манифестацијата на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, се одржаа на 17 и 18 ноември 2006 година. Овај културен настан, кој предизвика голем интерес кај загрепските Македонци и нивните хрватски пријатели, го организира МКД "Охридски бисер" од Загреб. Во соработка со Сојузот на Чесите во Република Хрватска манифестацијата се одржа во просториите на друштвото "Чешка беседа".

## СЛИКАРСТВО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХРВАТСКА

Ликовните уметници - Македонци, кои живеат и работат во Република Хрватска, на 17 ноември се претставија со изложба на слики, а презентацијата ја водеше Анастазија Цако Арежина.

Претседателот на друштвото "Охридски бисер", Благој Штерјов, ги поздрави гостите: Мирко Марковиќ, помошник на министерот за наука, образование и спорт, Стојан Руменовски, министер-советник во Амбасадата на Р. Македонија во РХ, Шемсо Танковиќ, пратеник на македонското национално малцинство во Хрватскиот Сабор, Анастас Оџаклиески, претседател на Советот и на Координацијата на македонското национлно малцинство во РХ, Петер Секереш, секретар на унгарското национално малцинство за Град Загреб, протојерејот Кирко Велински, свештеник на Македонската Православна Црква во РХ, како и другите присутни. Притоа нагласи дека организацијата на оваа изложба е дел од активностите на Друштвото за приказ на македонската култура.

Уредникот и организаторот на изложбата, Никола Гроздановски, им посака добредојде на гостите и истакна дека оваа изложба е претставена во повеќе градови во Хрватска со финансиска помош на Владата на РХ и Советот за национални малцинства.

- Со порака "и сликата е дел од видливото памтење" на оваа изложба се претставија седум врвни македонски ликовни уметници. Нивната меѓусебна врска постои во почитувањето на класичната естетска слика. Сепак, видлива е различноста во ликовниот израз, од наива, реализам, надреализам, импресионизам, симболизам, акварел, апстрактност, па сé до експресионизмот. Сликарството е специфично по универзалноста на својата порака и по индивидуалноста на секој сликар, но секако најголем е дар и сатисфакција ако сликата може некого да го оплемени и развесели, а кога е сликата добра, тоа треба да се респектира без разлика дали се работи за апстрактно или фигуративно сликарство, рече Гроздановски.

На изложбата со свои слики се претставија: Павле Илиев - наива, Билјана Станенковска - апстрактна уметност и графика, Зденко Бужек - апстрактен колоризам, Виолета Јуван - Марковски - цветни аранжмани, Киро Винокиќ - симболизам и надреализам, Крунислав Стојановски - експресионизам и импресионизам, Лилјана Димовска - графика и Никола Гроздановски - акварел.

Потоа, распеаните "Моми бисерни" на МКД "Охридски бисер" со неколку познати македонски народни песни измамија голем аплауз.

## ЛИТЕРАТУРНА ВЕЧЕР

Новите културни дострели на македонската култура во Хрватска и Словенија беа претставени на 18 ноември 2006 година. Најнапред, водителката на програмата Анастазија Цако Арежина ги поздрави ценетите гости: проф. д-р Горан Калоѓера од Филозофскиот факултет во Риека, проф. д-р Борислав Павловски од Филозофскиот факултет во Загреб, Никола Гроздановски, в.д. претседател на Заедницата, Илија Христодулов, член во

Пододборот за малцински права во Хрватскиот Сабор, Јудита Реј Худичек, претседателка на ХМД, протојерејот Кирко Велински, Стојанка Тежак, претседателка на МПЦО "Св. Злата Мегленска" и Благој Штерјов, претседател на МКД "Охридски бисер".

Никола Гроздановски им упати добредојде на гостите со поздравен збор: "Ако не́ има во себе си, ќе не́ има насекаде."

Познатиот македонист, проф. д-р Горан Калоѓера, надворешен член на Македонската академија на науките и уметностите, ја збогати македонската литература со ново книжевно дело "ПОВЕЗНИЦЕ МАКЕДОНСКО - ХРВАТСКЕ", во издание на Заедницата на Македонците во РХ. За книгата зборуваше проф. Павловски, кој на почетокот нагласи дека текстот на оваа книга е со лежерна научна природа. Калоѓера, како автор на 14 научни прилози, бавејќи се со македонистика и овој пат јавно ги претставува повеќето хрватски научни дејци кои дејствуваа во македонската средина.

Интересот на авторот е насочен и дава увод кон новите страници на хрватско-македонските допири. Кусо ги претставува академикот историчар Стјепан Антољак и еден од основачите на Медицинскиот факултет во Скопје, професорот Зденко Крижан, а особено е познат основоположникот на македонската Опера и Филхармонија диригентот Ловро пл. Матачиќ. Професорот Калоѓера за посебно важна ја оценува книгата "Виорни времиња / Република Македонија - реалност на Балканот" од Киро Глигоров, Првиот претседател на Република Македонија, и го истакнува неговиот етички принцип дека "Македонија е се́ што имаме".

Благодарност на организаторот потоа упати авторот Калоѓера, при што рече дека приказот на проф. Павловски е предавање, а не претставување на книга и дека уживал во него. Колку успеа да ја афирмира македонската литература во Хрватска и да ја приближи македонската кон хрватската тоа ќе го оцени културната јавност. Истакна дека Томе Саздов прв му даде рака кога стапнал во Македонија и се заинтересирал за македонската литература.

Поетскиот дел од програмата со рецитал го исполнија младите рецитатори Ивана Димова, ученичка од Училиштето за негување на македонски јазик и култура, со стихови од поезијата на Кочо Рацин, како и Дарко Јан Спасов, гостин од Љубљана, кој впечатливо и чуствително ни ги пренесе стиховите од поемата "Трагач" од Јован Котески.



## КОНЦЕРТ НА НАРОДНО ТВОРЕШТВО

Во вториот дел од програмата се претставија гостите од Љубљана - македонскиот вокален квартет "Пела", со водителот, врвниот музичар, Љубен Димкароски. Облечени беа во прекрасна носија, од рачно ткаено и "Биљанино" белено платно на Охридските извори. Нивната импресивна појава уште на почетокот измами голем аплауз. Гласовните можности со придружба на тапани, музичкиот израз и пеењето претставуваа извонредно толкување на стариот македонски мелос. Тоа се песни кои ги пееле минатите генерации и кои оставиле тенка низа, која останала аманет до ден денес. Димкароски ја открива нивната вредност и со историски прелет и во нова обработка и аранжман, со својата вокална група ги оттргна од заборавот.

Изведбата на песните "Ајде дојди, дојди", "Димитрија на стол седи", "Имала мајка девет јатрви" и уште некои, во прекрасна интерпретација, на публиката им ја врати во прегратка саканата Македонија. И уште долго во мислите ќе ни се враќаат мелодиите на тие песни.

Текст и фото:
Марко Паризоски

# МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР ВО РИЕКА



Македонското културно друштво "Илинден" од Риека, во опатискиот "Гранд Хотел Кварнер" ја одржа традиционалната Македонска-културна вечер за своите членови, но и за сите пријатели на Македонија и љубители на македонската музика. На прославата присуствуваа повеќе од 300-тина гости од Заедницата на Македонците во Република Хрватска и нивните пријатели од Загреб, Пула, Задар, Сплит и Риека, кои ги забавуваше музичката група "Боеми" од Битола. Програмата со својот настап ја отвори фолклорната група "Илинденки" од Риека, а во вечерните часови настапија уште еднаш заеднички со фолклористи од МКД "Кочо Рацин" од Пула, предводени од кореографот Зико Горгијев.

Присутните во име на домаќините ги поздрави претседателот на МКД "Илинден", Илија Христодулов, пожелувајќи им добредојде и пријатна забава, а добредојде им посака и на амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска, Махи Несими со сопругата, заменикот на жупанот од ПГЖ, Лука Денона, членот од Градското поглаварство на Град Риека, Божо Мимица, заменикот на градоначалникот на Град Опатија, Маријан Кос, потпретседателот на Советот за националните малцинства во Хрватска, Зоран Станковиќ, в.д. претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Никола Гроздановски, свештеникот на Македонската православна црква во Хрватска, протојереј Кирко Велински, претставниците на Советите на Македонското национално малцинство од Загреб, Пула, Задар, Сплит и Риека, гостинките од Заедницата жени во Хрватска со претседателката Нана Месиќ, како и многубројните донатори.

Овај традиционален собир на Македонците и на нивните пријатели е можност македонското малцинство на достоинствен начин да ја презентира својата култура, но и да го нагласи долгодишното пријателство на хрватскиот и македонскиот народ, што не е оптеретено со меѓусебни прашања. Овој собир е можност Македонците да се соберат на едно место и минат незаборавна вечер во веселба и танци. Песмата и ората, кои "Боемите" ги пееја и свиреа таа вечер, Македонците за миг ги врати во својата татковина им ги отвори срцата и душите, ги разигра и исполни до следната средба.



Вечерта беше интересна и по томболата, која е редовна на вакви собири, со многу успешни добитоци, многумина беа израдувани, а најсреќни беа г-ѓа Пандора Улаковиќ од Пула, добитничка на авионска карта за Македонија од “Кроација Ерлајнс”, агенцијата од Риека, и г-ѓа Славица Чомов од Риека, добитничка на златниот прстен, подарок од златарата “Тони” од Опатија.

Текст и фотографии:
Владо Настески



# 12. ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ОСИЕК









***Манифестацијата започна во Клубот на книжарата "НОВА" со промоцијата на книгата на проф. Благоја Јовановски***

***- Заврши во сабота со концертот на народното творештво во Домот на железничарите***

Во месец октомври секоја година во нашиот град на Драва се одржуваат Деновите на македонската култура кои го величаат нашиот народ, а за што е заслужно МКД „Браќа Миладиновци", и тоа на сé поуспешен начин.

Манифестацијата започна во петок на 27.10. во просториите на Клубот на книжарата "Нова" каде што проф. д-р Станислав Маријановиќ, Дамир Свобода, кој е воедно и уредник на книгата и инж. Љупчо Таневски ја претставија книгата на проф. Благоја Јовановски под името "Македонско културно друштво Браќа Миладиновци" Осиек 1994. - 2006.

Оваа книга-документариум штотуку излезе од македонската фурна, уште топла и мирисна – поетично го започна своето претставување проф. д-р Маријановиќ. Овој мирисен леб го замесија сите новинари, репортери и фотографи, тие се творци на одзивот на сé она што Друштвото творело сите овие години. Ако сето ова не било запишано во медиумите, би било како да не се случило. А се случувало. Ова е документариум кој не е научна туку популарна книга наменета на сите, со едноставно и лесно читање – истакна меѓу другото проф. Маријановиќ.

Уредникот пак, Дамир Свобода, нагласи како низ 12 години, од година во година, од

месец во месец, од случка до случка, од пишан медиум до пишан медиум, хронолошки сортирани, проф. Благоја Јовановски ја прикажа големата организираност на ова Друштво.



Во уметничкиот дел учествуваа Маја и Трајко Иљовски, млади дипломирани музичари од Скопје кои од неодамна живеат и работат во Осиек, а кои изведоа композиции на виолончело и армоника.

Деновите на македонската култура во Осиек се одржуваат секоја година на “роденденот” на Македонското културно друштво “Браќа Миладиновци”, и тоа со цел нашето Друштво да биде мост меѓу нашите две татковини, односно во оваа во која живееме-Хрватска да дадеме културни содржини од онаа од каде потекнуваме-Македонија. Впрочем, за дванаесет години колку се одржуваат Деновите на македонската култура во Осиек гостувале многу еминентни имиња од областа на македонската култура. Станува збор за традиционален, богат повеќедневен програм, во рамките на кој љубителите на македонската култура имале прилика да се запознаат со најразлични културни содржини, од наслови на книги од македонски автори, изложби на македонски сликари, проекции на македонски филмови, концерти на сериозна музика, да уживаат во македонската песна и игра, или пак да пробаат некои од кулинарските специјалитети на македонската кујна, - рече проф.Јагода Цветичанин која вака ја претстави севкупната програма по која ќе се паметат 12. Денови на македонската кулрура, а во кои зедоа учество и претставници на други национални малцинства.

Наредниот ден, МКД“Браќа Миладиновци“ се претстави со концертот под името “Вардарки, Танец и гости“, на кој присуствуваа и гости од цела Славонија. Концертот го водеше Бранка Јањиќ, а салата беше исполнета до последното место, со гости од Градското поглаварство, Осиечко-барањската жупанија, медиумите и посетители.

Претседателката на Друштвото, проф. Јагода Цветичанин, ги поздрави присутните, а концертот го започнаа домаќините со вокалната група „Вардарки’’, која изведе песни во 7/8, 5/8 и 9/8 такт. Диригент беше проф. Јагода Цветичанин, а на армоника ги пратеше Пеце Трајчевски од Битола. Потоа настапија Мал Танец и Танец со песни и игри во кореографија на Марина Грбавица. Гости на концертот беа Детската играорна група при Еврејската општина во Осиек “Хавел шел Израел’’ (пријатели на Изреал) со “Четири годишни времиња во Израел’’, со кореографиите на Шмулик Говари и Нивес Бајсман. КУД “Матија Губец’’ од Доњи Михољац се претстави со карактеристични ора од ова поднебје во придружба на тамбурашки состав и кореографот Стјепан Миколашевиќ, кои заслужија голем аплауз од присутните. На крајот настапи ХКУД “Железничар’’ од Осиек кој се престави со песни и игри од Славонија, со кореографот Дамир Кути и тамбурашката школа „Баторек“. Како почитување и благодарност кон нас и македонската песна, заедно со Вардарки и Танец гостите ја изведоа надалеку познатата песна “Македонско девојче’’.

По завршувањето на концертот до израз дојдоа специјалитетите кои ги припремија членовите на кулинарската секција.

Оваа манифестација од година во година станува сé поуспешна, што се потврдува со сé поголемата посетеност.

БРАНКА ЈАЊИЌ
Фотографии: Предраг Крстиќb



# РАЦИНОВ ДЕН "БЕЛИ МУГРИ"



Во Самобор, на 25 ноември 2006, и годинва се одржа "Рацинов ден" во спомен на познатиот македонски поет, публицист, литерат, антифашист и револуционер, Кочо Рацин (Коста Апостолов Солев). Тоа е ден на сеќавање кога во 1939 година излезе од печат неговата прва поетска стихозбирка на македонски јазик "Бели мугри". Оваа културна манифестација се одржа во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а под покровителство на Советот за национални малцинства при Владата на Република Хрватска и Поглаварството на Самобор.

Пред бистата на Рацин, во паркот на Музејот на град Самобор, во присуство на многубројни членови на Заедницата и граѓани на Самобор, букети свежо цвеќе во името на Заедницата положија претседателот Ангел Митревски и Никола Гроздановски. На почетокот на свеченоста доградоначелничката на град Самобор, Марица Јелениќ, изрази задоволство и чест, што во оваа прилика во посета на Самобор заедно ги евоцираме спомените на големиот македонски поет Кочо Рацин, при што истакна дека радува што неговата збирка песни "Бели мугри", која е печатена овде во Самобор, засекогаш го поврзува нашиот град со Македонија и нејзиниот народ. Потоа, управникот на Музејот, Мирослав Милоњиќ, ги поздрави гостите со покана да ја разгледаат збирката предмети во Музејот, што датираат од предисториско време до денеска. Само за оваа пригода, Музејот во едно катче подготви мал приказ слики, документи, статии од весници и книги за Рацин и неговите "Бели мугри".

Во присуство на ценетите гости: Данчо Петровски, советник во Амбасадата на Македонија во Хрватска и Жељко Заниновиќ, од кабинетот на градоначелникот на Загреб, на домаќините од Самобор и на сите посетители поздрави и благодарност им упати Никола Гроздановски, а за животот, дејноста и љубовта на Кочо Рацин кон македонскиот народ пригодно говореше Марија Георгиева - Петриќ.

Стихови од најубавите и најпознатите Рацинови песни, со полн емотивен набој, на присутните им ги пренесе Елизабета Петровска, со тивка сензибилна музика на ансамблот "Охридски бисер". Посебно впечатливо се чувствуваа песните "Денови", "Тутуноберачите" и:

*... не беше Ленка родена*
*за тија пусти тутуни,*
*тутуни жолти отрови ...*



А распеаните "Моми бисерни" на МКД "Охридски бисер" од Загреб ги развеселија присутните со изведба на својот репертоар на македонски народни песни.

Марко Паризоски

# МАКЕДОНСКИ ПИСАТЕЛИ ВО ЗАГРЕБ

Во рамките на македонско - хрватските врски на полето на литературата и размена на писатели помеѓу Хрватското друштво на писатели (ХДП) и Независните писатели на Македонија (НПМ), на 11 ноември 2006 година во Загреб се одржа литературна вечер на која претседателот на ХДП, писателот Велимир Висковиќ, ги претстави гостите од Македонија: Богомил Ѓузел, Лиљана Дирјан и проф. д-р Елизабета Шелева.

Водителот на трибината Бранко Малеш ги поздрави гостите и на почетокот рече дека целта на размената на писатели и литературната вечер е да се одржат врските во литературата и историјата меѓу хрватските и македонските писатели. Потоа, особено ги поздрави посетителите, кои во најголем број биле студенти по македонистика кај професорот д-р Борислав Павловски на Филозофскиот факултет во Загреб. Тој најнапред ја претстави Елизабета Шелева, литературна теоретичарка и критичарка, претседателка на НПМ, член на македонскиот ПЕН центар и автор на неколку објавени книги. Шелева се заблагодари на гостопримството и организацијата на литературната вечер и посебно ги поздрави студентите - младите посетители. Истакна дека оваа вечер е средба на две нови друштва на писатели кои ќе соработуваат на подрачјето на литературата. Потоа, со особено задоволство ги претстави следните поети:

Лилјана Дирјан, поетеса, која има објавено седум книги поезија. Нејзините песни се преведени на повеќе странски јазици, а застапена е во бројни антологии на современата македонска поезија;

Богомил Ѓузел, поет, писател, есеист и преведувач, еден е од основачите на НПМ и негов прв претседател во 1994 година. Од 1995 година тој е главен и одговорен уредник на магазинот за литература и култура “Наше писмо”, во издание на НПМ. Од 1999 до 2003 година бил уметнички директор на меѓународниот фестивал “Струшки вечери на поезија”.

Поетите Лиљана Дирјан и Богомил Ѓузел се претставија со избрани стихови на своите песни. Задоволната публика ги награди со голем аплауз.

За трудовите и стиховите на поетите, Шелева изнесе критички осврт. Поетското творештво на Лилјана Дирјан ја осликува димензијата на самозатајноста. Тоа се стихови за “инаетот” против малограѓанштината, поим за создавање, побуна против сé што со својата баналност се издига над животот.



Поезијата на Богомил Ѓузел во најголем обем е проткана со сиви тонови кои осликуваат состојба на безизлезност, неприфатливост во општеството и истакнато чувство на неправда.

Членовите на ХДП се поканети во возвратна посета во Македонија.

М. Паризоски

**Лилјана Дирјан**
**ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ (дел од песна)**

*Клекнат крај Венера*
*го извади шестарот, агломерот*
*полукружниот бакарен лак*
*околу него селаните во плевната*
*ја чистеа калта од нејзините мермерни бедра*
*гола тие ја гледаа со срам*
*зошто дотогаш не беа виделе*
*толку гола жена од камен*
*а тој, Леонардо*
*велат имал студени сини очи*
*тенки стиснати усни*
*долга бела брада*
. . . . . . . . . . .

**Богомил Ѓузел**
**МОЛИТВА (дел од песна)**

*О дај ми, Господе, сила да заборавам,*
*да не ги помнам наведите на моите*
*стоглави и стораки непријатели*
*счипчени на врвот од ножот -*
*за да не им вратам со дело*
*на кое сакаат да ме предизвикаат.*
*Квичат тие пцишта пеколни*
*како што грачат на полноќ дивите гуски*
*летајќи над покривот во ноември,*
*тие ѓаволи што ти ги создаде од својата сенка*
*и што самите тромави се откриваат*
*без да ги светне мислата со ангелска брзина.*
. . . . . . . . . . . .

# ХРВАТИТЕ ВООДУШЕВЕНИ СО УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА







**Од 22 до 30 јули и од 19 до 28 август 2006 година, сто хрватски планинари учествуваа на Излетот на планинарското друштво "Медвешчак" од Загреб остварен во националните паркови Пелистер, Галичица и Солунска Глава. И сите тие би го повториле ова свое прекрасно патување и во оваа 2007 година, затоа што убавините на Македонија ги оставија без здив.**

Планинарското друштво "Медвешчак" е едно од најстарите планинарски друштва во Р. Хрватска. Нивните петстотини членови досега планинареле на сите хрватски планини, но и на оние во Словачка, Австрија, Италија, Грција, Турција, Бугарија...

А годинава, 2006 година, и во Македонија, на иницијатива на еден наш Македонец кој од 1961 година (сé поради љубовта) живее во Загреб. Се вика Борис Миловски. Дошол да работи во Загреб, и, како сите приказни на нашите иселеници, се вљубил во Хрватката Верица, се оженил и добил две прекрасни деца, Бојана и Ренато.

Со години е член на Планинарското друштво "Медвешчак", па дошол на идеја на своите хрватски пријатели - планинари да им ги покаже и убавините на Македонија.

Така, во соработка со Планинарскиот сојуз на Македонија, поточно со Горан Тинтовски и д-р Јовица Угриновски, ги организира овие две патувања, за малку пари, а со многу задоволства. Ги посетија сите најзначајни дестинации на нашата држава, се качија на Пелистер, Галичица, Солунска Глава, беа во обиколка во Охрид, селото Трпејца, Св. Наум, Кичево, националниот парк Маврово и секако во Скопје.

Тогаш, хрватските планинари доаѓаат во Македонија. Водичи им се Марина Тонева во Скопје, Татјана Лилиќ во Охрид и





водичот за Пелистер, проф. Мирослав Бошковиќ. Сместувањето е во најдобрите хотели на Р.М., обезбедено преку агенцијата “Градо”, во соработка со “Сивес” од Скопје, кои ги обезбедија хотелот “Бренд” во Охрид, каде директорот Благоја Стојановски, и покрај својата висока функција, им беше на располагање на гостите од Хрватска 24 часа во денот и ноќта.

Можеби ќе се запрашате: зошто овој текст е објавен во новогодишниот број на “Македонски глас”? Одговорот е едноставен: И во оваа 2007 година хрватските граѓани сакаат да ја посетат Македонија, во уште поголем број. Бидејќи, едноставно, воодушевени се со убавините на Македонија.

М.А.Вујаклија







# ПРОСЛАВЕН БОЖИК ВО ХРВАТСКА



Празникот Божик, сам по себе е величествен со неговото значење, но има нешто што го прави уште поубав, повеличествен, посебен... Тоа е кога се прославува во полни цркви, кога зборуваме за црквите во Хрватска. Преубава беше глетката кога човек ќе ги види Македонците и нивните пријатели кои не се Македонци и не се православни, но се почитувачи на Македонија и Македонската Православна Црква, заедно собрани, сплотени, сите на едно место, како го прославуваат еден од најголемите христијански празници и како сите меѓусебно се поздравуваат со: Христос се роди! Навистина се роди!

Божик е Господов празник и се празнува во спомен на раѓањето на Господ Исус Христос. Овој празник е матица на сите други црковни празници, бидејќи со Христовото раѓање се смета и почетокот на новата ера. Евангелието го опишува настанот кога се родил Господ Исус Христос, а ни сведочи дека римскиот император Август заповедал да се изврши попис на населението во империјата. Тогаш праведниот Јосиф и Света Дева Марија пристигнале во Витлеем, бидејќи биле од родот Давидов.

Немајќи каде да преноќат, отишле во пештерата каде ноќевале овчарите. Токму таму се родил Господ Исус Христос. Светлината и гласот на Ангелите беа првите вести што ги видоа и слушнаа: "Не се плашите! Денеска се роди Спасителот, кој е Христос Господ: и еве Ви знак: ќе најдете Младенец повиен во јасли". И ангелскиот хор веднаш ја запеа песната "Слава на Бога во височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја" (Лук. 2-14).

Црквата овој празник почнува да го празнува при крајот на третиот век, затоа што дотогаш Црквата не му придавала многу значење на телесното раѓање. Многу поважно го сметала духовното раѓање, односно крштевањето, па затоа овој празник се славел заедно со крштевањето на Господ Исус Христос и бил наречен Епифанија.

И оваа година празникот Рождество Христово – Божик, беше прославен во Загреб, Сплит, Пула и Риека. Во Загреб и Сплит пред многубројните верници парохискиот свештеник протојерејот Кирко Велински го произнесе божикното послание од поглаварот на Македонската Православна Црква, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан, а во Пула и Риека и оваа година дојде свештеник од Македонија, отецот Гоце Мицов, кој исто така на верниците им ги пренесе поздравите од поглаварот на Македонската Православна Црква.

Да не заборавиме и дека дочекот на Богомладенецот е истовремено празник за сите младенци, односно Божик е празник на децата. Заради тоа управниот одбор на МПЦО Св. "Злата Мегленска", на сите присутни дечиња, кои дојдоа на Бадник и на Божик во црква, им подари божикни пакетчиња.

Д.В.

## МИТРОПОЛИТОТ ЕВРОПСКИ Г. ПИМЕН ВО ПОСЕТА НА ЗАГРЕБ

На 28 октомври 2006 година, во салата на црквата Св. Марко Крижевчанин, беше одржана Духовна академија по повод празникот на светата маченица Злата Мегленска, која воедно е духовна заштитничка на нејзините почитувачи во Загреб. Во предворјето на црквата, Митрополитот Пимен даде изјава за Хрватската телевизија при што се му заблагодари на хрватскиот народ и држава за помошта што и ја даваат на нашата црква на овие простори. Присутните ги поздрави претседателката на МПЦО "Св. Злата Мегленска", Стојанка Тежак и парохискиот свештеник отец Кирко Велински.

На прославата присуствуваа голем број верници, претставници од Амбасадата на Република Македонија, претставници на македонските асоцијации и високи црковни достојници од Католичката црква. Митрополитот Пимен во преполнетата сала одржа пригодно слово во кое топло ги поздрави присутните, ги потсети на делото на нашата света маченица и со благослов до сите го заокружи благодатниот момент на радост и веселба.

На 29 октомври 2006 година, во црквата св. Рок на Роковиот Перивој, во сослужение на парохискиот свештеник отец Кирко Велински и ѓаконот Дејан Трајков, се отслужи света архијерејска литургија, на која Владиката Пимен свештеникот Кирко Велински го произведе во протојерејски чин. Притоа, ѓаконот ја прочита одлуката за унапредувањето. По завршувањето на Богослужбата, во дворот на црквата во духот на љубовните трпези Владиката неуморно одговараше на прашањата на верниците.

Во попладневните часови Митрополитот Пимен го посети духовното светилиште на Католичката црква Марија Бистрица, каде беше пријатно дочекан и примен од управникот, жупникот Златко Корен. По братскиот дочек и долгата прошетка, во благопријатен разговор Митрополитот Пимен ја објасни состојбата на Македонската Православна Епархија за Европа, идеите за иднина и статусот на нашата црква.

На 30 октомври во претпладневните часови Владиката Пимен се сретна со неговиот драг пријател, помошниот на загрепскиот бискуп, монсињор Владо Кошиќ. Разговараа за заемната почит и соработка на нивата Господова и констатираа дека треба да се продолжи по тој пат, во духот на евангелската љубов и соработка.

Во попладневните часови Митрополитот Европски г. Пимен го посети Филозофско-теолошкиот факултет. Беше примен од ректорот на заедницата, патер Перо Видовиќ. По братската трпеза во нивните простории во присуство на поголем број патри, во пријателска атмосфера повеќе од еден час Митрополитот Пимен одговараше на многу прашања врзани пред сé со Македонската Православна Црква во Хрватска, црквата во Македонија и, особено, за нашиот статус во светот. На крајот им се заблагодари на ректорот и целиот колегиум за помошта и соработката со овој Факултет и за активната програма за размена на студенти, со која веќе еден завршен теолог на Македонската Православна Црква од Скопје е слушател на постдипломските студии на оваа катедра.

На 31 октомври Митрополитот Пимен беше примен во Комисијата за верски прашања при Владата на Р. Хрватска, каде беа разменети мислења за што поитна изградба на Македонска Православна Црква во Загреб. Потоа, Митрополитот г. Пимен се сретна со главниот уредник на неделниот весник на Католичката црква "Глас Концила", г. Недјељко Пинтариќ, каде му отстапија простор за претставување на животот на црквата во Македонија и Хрватска.

Со желба за што побрзо видување, Митрополитот г. Пимен нè благослови и замина за Малме, Шведска, каде што е седиштето на Македонската Православна Епархија за Европа.

Д.В.

## ГОЛЕМ НАСТАН ВО МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

На 11 ноември 2006 година, на празникот на Св. Анастасија Римјанка, беше востоличен новоназначениот Митрополит на Македонската Православна Епархија за Европа, Неговото Високопреосвештенство г. Пимен. Чинот на востоличувањето го изврши поглаварот на Македонската Православна Црква, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан, кој началствуваше со Светата архијерејска литургија, во сослужение со Митрополитот г. Горазд. На литургијата покрај многубројниот верен народ присуствуваа и претставници од православните цркви во Шведска, претставници на шведската црква и шведската влада, претставници на Римокатоличката црква, претставници на Владата на Р. Македонија, како и претставници од сите црковни општини во Европа. Македонската Православна Црква во Хрватска ја претставуваше парохискиот свештеник, протојереј Кирко Велински и претседателката на МПЦО "Св. Злата Мегленска", Стојанка Тежак.



На крајот од светата литургија Митрополитот г. Пимен меѓу другото рече: "Ваше Блаженство, Вашата визија за развој на МПЦ Ве донесе денес тука да ја направиме оваа интронизација, да ги израдуваме верниците македонски во оваа епархија. Благодарност до Вас за грижата за целиот македонски народ, на нас во Европа, како неотуѓив дел од тој македонски народ. Благодарност за честа што ни ја укажавте, токму Вие како поглавар на нашата Света Црква да го извршите примопредавањето на овој трон. Благодарност и ветување дека ќе соработуваме уште многу години на нивата Господова за да ги умножиме плодовите на љубовта, верата и надежта. На крајот само уште еднаш би сакал молитвено да се обратам до Бога, за да ги услиши моленијата на неговите угодници, а за нас рамноапостолните на Св. Климент и Наум охридските Чудотворци. Нека ги услишат нивните молитви и да ми дадат сила и разум правилно да го предавам словото на Неговата вистина во сите денови од мојот живот."

Д.В.

# ЗНАЦИ ЗА ДИРЕКТНАТА РЕЧ

Директната реч се обележува со наводници или со црта (тире). Нивната употреба е распределена.

а) Кога директната реч почнува од нов ред, пред почетокот се пишува црта (тире):

*– Кај е овде главниош човек? - полугласно а важно запраша тој.*

Или:

*Полицајците ги зграпчија револверите и свикаа:*
*– Рацете горе! Молк! Ако викнеш, пукам!*

б) Кога директната реч не е во нов ред, пред почетокот и на крајот нејзин се ставаат наводници: Тогаш му свика: *"Трчај, ќе го стигнеш!"*

Внатрешниот монолог којшто има форма на директна реч се става во наводници:

*Шеташе со погледот од еден до друг заспан партизан и ги препознаваше. "Овој ќе остане! Итар е и дрзок. Секогаш се буни кога оди на стража, а минало полноќ... Овој сиромав ќе загине. Трапав е. Секогаш кај него ќе се скине колоната".*

а) Кога дијалогот се бележи сè во нов ред, тогаш се употребува знакот црта (тире):

*– Кој беше оној?*
*– Кој?*
*– Што сакаше да избега...*
*– Од нашето село.*
*– Богат?*
*– И така и така.*
*– Женет?*
*– Женет... Има и дете!*

б) Не е редок случај, особено во современи литературни текстови, при предавање на дијалогот да се употребуваат само наводници:

Стариот го слушаше сиот овој суров говор на оружјата и повеќе преплашено отколку обвинувачки се обрна кон Стојана:

*"Што е ова?"*
*"Напад. Ќе ги уништиме!"*
*"Па тие се толку многу..."*
*"И ние не сме малку".*
*"И толку вооружени..."*
*"И ние имаме оружје".*

Ако пред директната реч се наоѓаат зборови што ја појаснуваат неа, тогаш со завршниот дел од наводниците се постапува вака:

а) Ако реченицата што е во директна реч нормално завршува со точка, тогаш прво се пишува завршниот дел од наводниците, а потоа се става точка:

Дојде мајсторот и рече: "И тоа можам да Го направам".

б) Ако пак реченицата што е во директна реч се завршува со прашалник, извичник или со неколку точки, тогаш се пишуваат првин тие знаци, а потоа се става завршниот дел од наводниците:

*И стариот ги праша: "Брзу ли ќе се вратите?" - Се разнесе вик: "Напред, другари!" - Се фати за образи и жално проусти: "Боже, колку сум опаднал во овие неколку дена..."*

(Би се очекувала и овде точка по завршниот дел од наводниците, но таа, од практични причини, се испушта.)

а) Ако објаснувачките зборови следуваат по директната реч, тогаш во зависност од нејзиниот карактер, зад неа се става запирка, или прашалник, или извичник, или неколку точки, а потоа се пишува црта (тире):

*– Мамо, дури вечер ќе се вратам дома, - рече Нешо.*
*– Ќе ме почекате ли, браќа? - ги праша Ставре.*
*– Маре, брзај донеси стомна со вода! - рече Ана.*
*– Ах, да можев да го фатам, ќе видеше... - резигнирано додаде полјакот.*

б) Запирката може и да отпадне:

*– Мамо, дури вечер ќе се вратам дома - рече Нешо.*

Ако ваквите реченици почнуваат со наводници, тогаш тие можат да се напишат уште вака:

*"Мамо, дури вечер ќе се вратам дома" - рече Нешо. И: " Мамо, дури вечер ќе се вратам дома", рече Нешо.*
*"Ќе ме почекате ли, браќа?" - ги праша Ставре. И: "Ќе ме почекате ли, браќа?" ги праша Ставре.*
*"Маре, брзај донеси стомна со вода!" - рече Ана. И: "Маре, брзај донеси стомна со вода!" рече Ана.*
*"Ах, да можев да го фатам, ќе видеше..." - резигнирано додаде полјакот.*

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според Правописот на македонскиот литературен јазик, Скопје, 1999)

# Последен поздрав за Виолета Скарамуца

Со голема болка ја примивме веста за смртта на нашата Виолета. Родена во Куманово, а живееше во Пула и беше горда Македонка во Р. Хрватска. Голем верник, член на Управниот одбор на Македонската Православна Црквена Општина „Св. Јоаким Осоговски " од Пула, каде често се среќававме разменувајќи зборови на нашиот македонски јазик. Но, ете, судбината нé раздели, па по долго и тешко боледување, нé напушти во својата четириесет и деветта година на живот.

Ја делиме болката со нејзиното семејство, иако нема зборови кои можат вистински да нé утешат. За последен пат од нашата Виолета се простија нејзиното семејство, нејзините роднини и пријатели, а последни зборови беа на протојереј Кирко Велински: „Блажен е оној кој прави добри дела, бидејќи вечно живее со луѓето и имало зошто да се роди. Да се помолиме за душата на Виолета и да упатиме молитви кон Бога, за Господ Бог да и додели рајски населби и нејзината душа да се всели онаму каде што живеат праведниците."

А ние ја поздравуваме:

Драга Виолета, почивај во мир, твојот лик секогаш ќе ни недостасува.

М. Златеска




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕН РЕКЛАМЕН ПРОСТОР ВО МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш "Македонски глас"

## ПРЕТПЛАТА НА МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на заедницата е: 2340009-1100038804, а матичниот број: 3805760) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина, изнесува 40 куни годишно, додека пак претплатата на ова наше списание во странство, се разбира со платена поштарина, изнесува 80 куни годишно или 11 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

# АМБИЦИЈАТА И МНОГУ ТРУД ГО ДОВЕДОА ДО ВИСОКО МЕСТО ВО СИМЕНС

***Од минатата година Македонецот Зоран Ангелковски е претседател на Сименс ВДО во Австралија, каде успешно управува со двете фабрики на оваа компанија, каде се произведуваат делови за четири еминентни автомобилски компании: Мицубиши, Тојота, Форд и Џенерал моторс, како и делови за медицинска опрема, трамваи… Неговите одлични менаџерски способности се почитувани и во другите две земји каде работел досега – Германија и Малезија, како и во Австралија, каде наскоро ќе ја отвора новата фабрика, што е и една од најголемите инвестиции направени досега на тој континент… Во телефонскиот разговор Ангелковски се претстави како човек кој живее 24 часа во денот, има голема моќ и професионална одговорност, но сепак останува “приземен”. Во неговиот живот најважно му е семејството, сопругата Весна и синовите Давид, Владе и Александар, па затоа викендите им ги посветува само ним…***



**Зоран Ангелковски**, еден од менаџерите на светската компанија Сименс ВДО во Австралија, кариерата ја започнал како електроинженер во најдобрата компанија за телекомуникации во Австралија, Телстра, набргу по дипломирањето на факултетот Свинбрн.

“Австралија е земја која на сите што имаат силни амбиции им дава мажност за нивно реализирање и напредување. Така, јас можев да избирам каде ќе започнам, па се определив за Телстра, каде што работев една година. Но моите планови и желби не беа да работам во областа на телекомуникациите, туку отсекогаш ме привлекуваа автомобилите, односно автомобилската индустрија, па по една година во Телстра преминав во Сименс ВДО, каде работев како дизајн-инженер. Бев многу задоволен од работата во Сименс ВДО, бидејќи ми се даде можност да истражувам и да пронаоѓам нови делови за автомобилите, како и софтвер за нивното усовршување.”

Компанијата Сименс ВДО има две фабрики во Австралија, а сега се гради и третата. Како што вели Ангелковски, фабриката годишно прави промет од 1,5 билиони американски долари.

“Двете фабрики се наоѓаат во Мелбурн и освен делови за автомобили произведуваме и медицинска опрема, делови за трамваи, делови за аеродроми и фабрики… исто така произведуваме и мотори и шалт табли за автомобилите и мотоциклите БМВ, кои ги извезуваме во Берлин, а оттаму на светскиот Пазар, додека “тојота камри” која се произведува само кај нас, е наменета за австралискиот и за пазарите на Средниот Исток; Саудиска Арабија, Ирак и Иран, а “Мицубиши” за северноамериканскиот Пазар. Со извозот на автомобилите “Форд” ќе започнеме наскоро и тоа на африканскиот и новозеландскиот пазар. Три до четири пати годишно патувам во Минхен или Берлин, да се видам со тамошните менаџери со кои се договараме за практикување нови технологии во производството.”

Иако Сименс ВДО има повеќе директори, Зоран Ангелковски е главниот човек кој ја гради стратегијата за напредување на компанијата. Успеал да издејствува изградба на нова фабрика, нов погон за “Форд” во Кампбелфилд, кој треба да се отвори во

октомври година-ва и која чинела 17 милиони евра.

“Се грижам за клиентите, за вработените, но нели на крајот сепак најважно е да направам профит (се смее). Лани, пред да станам генерален директор, профитот беше – 6%, а сега, значи за само една година, успеав да го доведам до плус 30%. Сепак, најважни ми се вработените. Ако се тие мотивирани, сé ќе оди напред. Во Австралија имаме голема конкуренција, но ние ги имаме најдобрите инженери и други профили на вработени. Секогаш кога вработувам нов човек, јас внимателно го интервјуирам и тестирам. Тој треба да биде многу професионален и квалитетен, како и целиот тим, екипата која работи на истражувањата и производството. Кога станав генерален директор имаше неколку луѓе кои сметав дека не се доволно квалитетни во својата работа и дека не можат многу да придонесат за компанијата, па нормално ги сменивме. Ако сакаме да напредуваме, мора да имаме квалитетна работна екипа. Освен вработените, треба да внимавам и на односот со клиентите. Во тој поглед не можам да се пожалам, во австралиските кругови јас сум навистина популарен во позитивна смисла, но никогаш не ги заборавам и униите за правата на работниците, со кои имам одлични односи, бидејќи работниците во нашата фабрика се презадоволни од својата заработувачка.”





Голф-терените се често место за склопување нови професионални и деловни договори



Со главните менаџери на BMW



Среќен сум што ја имам Весна, жената која има разбирање за мојата професионална презафатеност

Иако одамна замина од Македонија, Зоран одлично го говори македонскиот јазик, како и англискиот и германскиот.

“Јас сум Македонец и тоа никогаш нема да го заборавам.”

Неговите професионални обврски не му оставаат повеќе време за семејството, за што зборува и првиот пропаднат брак со Снежана. И ова интервју се снимаше во 21 часот навечер по австралиско време, па така се наметна и прашањето како неговата втора сопруга Весна го прифаќа сето тоа.

“Морам да кажам дека таа има големо разбирање за моите ангажмани и времето што тие го бараат. Се случува да работам по 24 часа во сите седум дена во неделата. Морам да бидам постојано достапен за клиентите, за вработените, како и за состаноците со Владата. Уште кога ја прифатив оваа функција, Весна знаеше дека моето време нема да биде веќе мое, туку дека мора да и го давам на компанијата. Таа е дипломиран патолог, но не работи по струката, туку се грижи за синовите Давид, Владе и Александар. Тие, иако се малолетни, доаѓаат во компанијата и полека се запознаваат со мојата работа, па така ако еден ден посакаат да влезат во овој бизнис, јас ќе ги поддржам.”

Тој е еден од ретките Македонци од Австралија кои често ја посетуваат родната земја.

“Барем еднаш годишно доаѓаме во Македонија, каде имам многу пријатели и роднини, а некогаш се случува и почесто да наминам. И тука, во Австралија, имам многу роднини и пријатели, како и познаници од Владата на Австралија.”

Превземено од “Теа модерна”
Гордана Настевска-Манасиевска

# Верица Недеска
# ПОЗИТИВНО ВИДУВАЊЕ НА ИДНИНАТА



**Единствен претставник на Македонија на Пулскиот фестивал 2006-та беше артистката Верица Недеска, која ја толкува главната улога во филмот на режисерот Рајко Грлиќ "Караула".**

***"Дали е ова дежа ву или вистина?" беше основното прашање што ние долгогодишните проследувачи на Пулскиот фестивал си го поставувавме сите оние денови за време на одржувањето на 53-та манифестација на целулоидната лента во најубавиот град на Истра - Пула. Зошто, навистина беше импозантно да се видат 8.000 гледачи во најголемото кино на овие простори - Пулската арена, исто како во времињата кога овде, во централната ложа, седеше Претседателот Тито, а во позадината белина - моранарите од сите јадрански пристаништа, кои или спиеја или пиеја пиво или фрлаа каменчиња. Во "Караула" главна артистка е прекрасната и по лик и по интелигенција, Верица Недеска, која на сите страни на Пула 2006 беше претставувана како интернационална ѕвезда. Не без право. Таа зад себе има веќе 9 филмови, од кои и со Оскар наградениот "Ничија земја", каде оствари мала ефектна епизода. Сега живее во Прага, омажена е и има двеиполгодишна ќерка, ама нејзиниот роден Охрид секогаш го носи во срцето.***

***Значи, имавме доволно причини г-ѓа Недеска да ја замолиме за разговор за "Македонски глас".***

**М.Г.: Најнапред кажете ни како дојде до соработката со режисерот Рајко Грлиќ?**

В. Н.: Јас повеќе години живеам во Прага. Месец дена пред подготовките ми се јавија и ми рекоа дека се подготвува филм што ќе се снима во



pula film festival





Македонија, ама им “фали” артистката за главната женска улога. Ме прашаа дали сум заинтересирана за тоа и така сето тоа почна... По кастингот отидов на пробно снимање и по два дена ми јавија дека сум ја добила улогата. Всушност, јас бев последната алка на кастингот.

**М.Г.: Зошто во Прага?**

В.Н.: Таму живеам. Се омажив со Иво Трајков, режисер, и имаме дете, па последниве три години живееме во Р. Чешка. Во тоа време ќерка ми беше мала, немаше ни една година кога почнаа подготовките за “Караула”, ама на крајот сé испадна добро.

**М.Г.: Што според Вас е “Караула”: комедија, трагедија или љубовен филм?**

В.Н.: Сето тоа заедно во исто време. Ако филмот почнува како комедија што се развива во љубовен филм и завршува како трагедија. Во принцип за мене “Караула” е ЖИВОТОТ. Тој повторно ги соедини сите тие поранешни југословенски републики, зошто сите тие се мали, минорни, сиромашни и сиот подвиг на “Караула” значеше само едно позитивно видување на иднината.

**М.Г.: Бидејќи сте млада, колку бевте запознаени со настаните од тие години?**

В.Н.: Родена сум 1978 година, значи во Југославија, каде го минав и делот на моето детство. Затоа, сето тоа ми беше познато од призмата на едно дете. Но, немаше проблем да се пренесам во тоа време, зошто тоа сепак е наше блиско минато и тие нешта ги препознаваш на интуитивно ниво.

**М.Г.: А сега едно интимно прашање. Како Вие лично гледате на изневерата на жената кон момчето или сопругот?**

В.Н.: Во принцип не гледам од позитивна визура, пред сé затоа што веќе се одлучив да стапам во брак (веќе 5 години), па затоа ако тоа го оправдувам не можам да гледам светло на својата иднина. Ама ако ме прашувате конкретно за ликот, тогаш јас како артистка морав да најдам оправдување за таа жена која го изневерува мажот. Во животот некогаш правите и очекувате некои работи да се случат, ама кога нема “светлина на крајот од тунелот” се случуваат такви нешта. Мојата Мирјана во филмот е жена што е многу осамена, затворена дома, без трошка љубов, со маж кој ја изневерува... Така јас најдов лично оправдување за нејзината потрага по среќата.

**М.Г.: Среќа ли е кога се изневерува некој?**

В.Н.: Во принцип не е, ама кога изневерувате некого немате чуство дека е тоа само поради невера, туку поради некоја друга потреба и нешто што ви недостасува во животот. Жена што е осамена, што нема никаков “грб” од мажот, жена што со години е изневерувана од мажот, логично е да тргне да побара љубов некаде на друго место.

**М.Г.: Дали сте првпат на Пулскиот фестивал и во Р. Хрватска?**

В.Н.: Да, на Пула сум првпат, ама неколку пати сум била во Загреб. “На наше море” супер се чувствувам.

Колегата и “филмскиот сопруг” на Верица Недеска,, артистот Емир Хаџихафизбеговиќ, на прес конференцијата одржана по прикажувањето на овој филм во Арената, рече: “Три месеци престојувавме во Македонија, поточно во Охрид. Тоа за мене и за целата наша екипа беа најубавите филмски денови во животот. Затоа и благодарам на Македонија, а посебно на Македонците. Чинам дека поради тоа нивно гостопримство направивме толку добар филм, кој со задоволство го гледаат сите од поранешните југословенски држави, но и во светот”.

## Наместо новогодишна приказна
# Крај на бескрајот



Чекор по чекор. Зад мене се километри и километри камени патеки. Тешко дишам додека чекорам кон врвот на високата планина. Се́ е понапорно провлекувајќи ги нозете по патеката полна со земја и трње. Уморна, но среќна стигнувам до врвот на планината. Поглед кон бескрајот, а пред мене, Скопје се простира како капка вода на дланка. Покрив до покрив, куќа до куќа, се́ се гледа од врвот на Водно, од планината која заштитнички стои над главниот град на најсаканата ми татковина. Камениот мост, достојно стои и ја раскажува македонската историја…

Сонцето е веќе далеку во хоризонтот, од момент во момент станува се́ поладно. Каде и да погледнам се простира бескрајноста, небото е како море без дно, а единствено што слушам се сопствените чекори. Сите птици веќе одамна се свиткани во своите гнезда, единствено јас чекорам без цел… Сите ѕвезди веќе го осветлуваат македонското небо, само моите очи не знаат каде да ме водат. Месечината ја прелива својата светлина врз мене, ноќните цветови расцветуваат.

На врвот на Водно свети Милениумскиот крст, црвено - жолто знаме се вее на ветрот, Македонија слободно живее…

Некаде во далечината низ крошната на липата се слуша тивка приказна. Тоа е Вардар – реката во мојот сон.

Доротеа Зефиќ,
ученичка во училиштето за македонски јазик и култура “Никола Тесла” во Загреб





## ДЕДО МРАЗ СО МЛАДИТЕ ИЛИНДЕНЦИ

Риечките Македонци и оваа година се погрижија да го развеселат својот подмладок со организирање на пречекот на Дедо Мраз. Така, на 29 декември 2006 година новите простории беа полни со многу деца, мајки, татковци, дедовци и баби, сите со цел да го пречекаат најсаканиот Дедо, кој и оваа година ќе ги израдува.

За маѓепсникот, кој се пречекуваше во изминативе новогодишни празници во многу организации, училишта и друштва, па така и во “Илинден”, традиционално, по петнаесетти пат, е организиран пречекот, во кој годинава се вклучија и Советот на МНМ за Град Риека и претставникот на МНМ во ПГЖ.

Овогодишната средба на децата и Дедо Мраз мина во одлична организација, со куса музичка програма предводена од Марица Бан и Јуре Ружиќ.

Во разговорот со децата, Дедо Мраз им говореше за неговата мисија и желбата да ги развесели сите деца на светот, а особено истакна дека директно доаѓа од Македонија и затоа малку и задоцни. Децата на Дедо Мраз му пееја или рецитираа, а притоа сите се сликаа за спомен.

За пречекот на Дедо Мраз посебена благодарност е упатена до донаторот “БРОДОКОМЕРЦ - НОВА” од Риека, кој и оваа година веќе по петти пат ги донира пакетчињата во вредност од 3.000,00 куни.

В. Настески

## ДЕДО МРАЗ И ВО ПУЛА

Ноќта на крајот од годинава најмалите во МКД “Кочо Рацин” во Пула ќе ја паметат како убаво доживување на широчините и белите снежни и студени пространства, од каде им стигна Дедо Мраз. Дали поради долгото патување или студот кој таму владее, бидејќи овде во Пула таа вечер на 29 декември времето беше мошне убаво и речиси топло, а просториите на МКД загрени, малку од парното, но повеќе од задоволството што владееше меѓу најмладите, Дедото “тешко се снаоѓаше”: Прво заборавил да ги донесе подароците, што предизвика разочарување, па се слушна само едно негодување изразено со некое изречено “А, а, а!” Сепак се присетил дека биле тука некаде во торбата и над 60 пакетчиња со бомбони, играчки и колачи се најдоа во рацете на децата.

Во режија на координаторката за работа и активности со децата, Тања Проданов, кулисите што требаа да ја создадат атмосферата на волшебните раскази не беа поставени, а впрочем не беа ни потребни, затоа што нив децата и без кулиси ги доживуваат. Оваа вечер мина во радост, веселба, песни и ора.

Р. Димовски



# KAKO DOBITI POSAO ZA KOJI BI MILIJUN DJEVOJAKA UBILO



## 1 OBUCITE SE ZA POSAO KOJI ŽELITE

Obnovite svoju garderobu, dobro razmislite o nakitu i investiranju u novi izgled. Najbrži način da dobijete posao je da izgledate kao da ste vi stvoreni za njega. Jednostavno glumite ulogu i dobit ćete taj božanski posao jer oni koji odlučuju primijetit će baš vas kao idealnu zaposlenicu. Kao što kaže Nigel, kreativni direktor Runway časopisa: "modna industrija nema veze s unutarnjom ljepotom." (šteta)

## 2 STVORITE SVOJU MREŽU POZNANSTAVA

Posao za koji se ubija nije zapravo niti oglašen. Morate poznavati ljude. A kako biste poznavali ljude, trebate ih susretati. A ljude koje trebate ne susrećete tek tako. Zato uzmite papir i olovku i zapišite imena 15 ljudi u modnoj industriji kojima se divite. Zatim ih zamolite za 15 minuta njihova vremena i za savjet. Kada dođete pred njih, pitajte ih o usponu njihove karijere (zamislite da ste slavni novinar koji piše njihovu životnu priču - a oni vole pričati o svojim uspjesima i davati savjete). I ovo je najvažnije: primite njihov savjet i zapišite ga, pošaljite im pismenu zahvalu i održavajte kontakt s njima jednom godišnje. Iznenadit ćete se kako su svi ovi ljudi međusobno povezani i kako se stvara vaša dobra reputacija.



## 3 NIKAD NIŠTA NE UZIMAJTE OSOBNO

To je posao - ne vrti se sve oko vas, već oko njega, radnog dana i radnog zadatka. Vježbajte ne primati osobno što vam drugi ljudi ponekad kažu i ubrzo ćete razviti poslovni osjećaj koji je tako poželjan. I ne zaboravite na disanje.





## 4 POSTAVITE SI CILJEVE

Postavite si dugoročne i kratkoročne ciljeve i motivirajte se konačnim ciljem. Poput Andy u filmu, budite svjesni koraka koje morate poduzeti na putu do željenog posla. Izrezujte članke iz dnevnih časopisa i modnih novina o kompanijama i ljudima koji vas interesiraju i učite. Prije svega, budite kreativni - nađite si veliki pano i upotrijebite ga za mozaik motivirajućih članaka i fotografija - zatim napravite popis onoga što možete napraviti danas, ovaj tjedan, ove godine kako biste se približili svome cilju! Ovo je vaš život - i velika avantura.



## 5 IMAJTE UŠTEĐEVINU

Pametne djevojke imaju rezervu - znanu kao i odvojenu ušteđevinu u visini dvije mjesečne plaće. Za svaki slučaj. Tako možete mirno spavati noću i riskirati s karijerom. Možda vaš sljedeći korak morate napraviti za nekoliko mjeseci, a vaš sadašnji posao završava sutra. Sa svojom ušteđevinom se možete snaći neko vrijeme - možete učiti, raditi na svojoj mreži poznanstava, kupiti pravu odjeću, knjige, priuštiti si novu frizuru, a sve za taj sljedeći slavni korak.

## 6 PUTUJTE, PLANIRAJTE VIKENDE, ČITAJTE DOBRE KNJIGE

Ništa se ne događa samo. Napravite popis novih filmova, knjiga i mjesta koja biste htjeli posjetiti. Organizirajte vrijeme kako biste spojili ugodno i korisno - saznali nešto novo iz svih sfera života, odmorili se i duhovno obogatili. Čovjek uči dok je živ.





## 7 NARUČITE ODREZAK

Posao za koji bi ubilo milijun djevojaka znači da ste sad u igri s velikim momcima. Osim ako ste zagrižena vegetarijanka (imati principe je divna stvar), naručite veliki odrezak na poslovnom ručku - ljudi u odijelima cijene ženu koja se ne boji jesti.

# СВЕТИ НИКОЛАЈ АРХИЕПИСКОП МИРЛИКИСКИ

Овој славен светител, славен и денес по целиот свет, бил син единец на познати и богати родители, Теофан и Нона, жители на градот Патра, во Ликија. Иако син единец - подарен од Бога, тие го посветиле на Бога и со тоа му го дале на дар. На духовен живот Св. Николај се учел кај својот чичко, кој исто така се викал Николај, а бил епископ Патарски, и се замонашил во манастирот „Нов Сион'', основан од неговиот чичко. По смртта на родителите, Николај го раздал наследениот имот на сиромашните, не задржувајќи ништо за себе.

Како свештеник во Патара, се прочул со своето милосрдие, иако тој грижливо ги криел своите милосрдни дела, исполнувајќи го зборот Господов: **Да не знае твојата лева рака што прави десната (Мт. 6:3)**. Кога се предал на самотија и на безмолвије, мислејќи така да преживее до смртта, му дошол глас одозгора: **Николај, појди на подвиг во народот ако сакаш од Мене да бидеш овенчан**. Веднаш потоа, со чудна Божја промисла бил избран за Архиепископ на градот Мир во Ликија. Милостив, мудар, бестрашен, Св. Николај бил вистински добар пастир на своето стадо. Во времето на гонењето на христијаните под Диоклецијан и Максимијан, бил фрлен во затвор, но и таму ги поучувал луѓето на законот Божји. Присуствувал на Првиот вселенски собор во Никеја и од голема ревност кон вистината со рака го удрил еретикот Арij. Заради тоа дело бил отстранет од Соборот и од архијерејската служба, сé додека на неколкумина први архијереи на Соборот не им се јавиле Господ Исус Христос и Пресвета Богородица и не им го објавиле Своето благоволение кон Николај.

Како заштитник на Божјата вистина, овој прекрасен светител бил секогаш и одважен заштитник на правдата меѓу луѓето. Двапати спасил по тројца луѓе од незаслужена смртна казна. Милостив, вистинит, правдољубив, тој одел помеѓу луѓето како ангел Божји. Уште за неговиот живот луѓето го сметале за светител и го повикувале на помош во маките и во бедите. И тој се јавувал, во сон и на јаве, на оние кои го повикувале, подеднакво лесно и брзо во близина и надалеку им помагал. Од неговото лице сјаела светлина, како од лицето на Мојсеј, и тој со самата своја појава носел утеха, тишина и добра волја помеѓу луѓето. Во староста малку боледувал и се упокоил во Господа многутруден и многуплоден, вечно да се весели во небесното царство, продолжувајќи со чудата на земјата да им помага на верниците кои го бараа за помош и да го прославува својот Бог. Се упокоил на 6 или 19 декември 343 година.

Отец Кирко Велински



# ТАКА СЕ ГОТВЕЛО



Дали се́ почна со струмичкиот “пататарник”, “македонската јанија”, “турли тава” или “ѓомлезец”, сега не е ни битно, ама почнало со зборовите: “Вака се готвело” и почна де се остварува идејата за несомнено значителна културна, гастрономска и кулинарска презентација на јадењата од родниот крај.

За да се зготви такво нешто, зајрето се купувало и “мастраф се правело”, нека не ни замерат јазикословците!

Така некако во организација на жените од МКД “Кочо Рацин” во Пула и Советот на македонското национално малцинство на Град Пула, беше конципирана кулинарската изложба, одржана во петокот на 15 декември 2006, во просториите на МКД “Кочо Рацин”.

“Тоа е само еден сегмент на целата низа активности што редовно се одржувале и се одржуваат на овие простори, на планот на културната размена на Македонците од Пула и Истра со другите национални малцинства, пријателите и граѓаните”, истакна меѓу другото потпредседателот на МКД, инж. Бојанчо Младеновски, отворајки ја оваа гастро-смотра.

А што готвеле старите? Тавче гравче, подготвено на стар домашен начин од веќе искусните домаќинки, но и од младите членки, кои исто така зготвија многу успешна “реплика” на јадењето и се покажаа како добри готвачки на ова национално јадење. Следеа посна и мрсна сарма во лозови лисја, манџа со компири или пататарник, изворно од Струмица, инспирација и остварување на госпоѓата Драгица Слацки. Домашното кисело млеко, таратурот, а месените со праз, кои ги зготвија и другите солени и “благи ѓаконии” беа дело на Милица Мијаковска, Виолета Рабасовиќ, Тања Проданов и други.

Р. Димовски





## ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ НА СПОНЗОРИТЕ НА "МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР" ВО ЗАГРЕБ

"Гранит" д.о.о. - Скопје
"Бразил" д.о.о. - Карловец
"Красис" д.о.о. - Загреб
"Кроација Ерлајнс" - Загреб
"Т-Ком" - Загреб
"Руле турс" - Скопје
"Хотел Кроација" - Дуга Увала
Галерија Горета - Звонимирова 6, Загреб
Сликарот Никола Гроздановски
"Екосанитација" д.о.о. - Загреб
ЛД "Жито" - Загреб
Агенција за иселеништво на Македонија
"СИП Сувенири" - Дуга Реса
Заедницата на Македонците во Р. Хрватска
"Медикал интертрејд" - Св. Недеља
Ветеринарска мрежа - Загреб
"Вегор" д.о.о. - Загреб
"Росал интуи" - Загреб
"Полена" - Загреб
Ресторан "Црни бисер" - Загреб
Ресторан "Фантичек" - Кашина
Ресторан "Кандис" - Медулин
Ресторан "Сербус" - Пречко, Загреб
Ресторан "Хорок" - Загреб
Фризерското студио "ВС" - Звонимирова 6, Загреб
"Самбраило" - продавница за украсно цвеќе - Загреб




# НЕБРЕГОВО, РОДНОТО СЕЛО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Овојпат ви претставуваме едно село во Западна Македонија со необично име - Небрегово. Во прилепско. Топонимот ја опишува неговата положба - сместено во мала рамна котлина, од сите страни брегови, а на исток во височините на манастирот "Трескавец" од средниот век, со познатиот "Златоврв". Но, Небрегово е повеќе познато по тоа што има културен споменик - Спомен Дом. Овај музеј е во родното место на академикот Блаже Конески, каде е обновена неговата родна куќа.

Врнежливото септемвриско попладне нé затекна во Небрегово, а малите кадрави деца нé водеа низ просториите на музејот и горделиво зборуваа за нивниот Голем Учител. Во еден глас ми зборуваа за најубавата песна "Везилка", чиј текст е прикажан во гостинската соба.

Блаже Конески е роден 1921 година. Јазик и литература студирал на Филозофските факултети во Белград и Софија. По Втората светска војна, кога Македонија стана слободна република, со будењето на сопствениот национален идентитет, неговиот интерес е насочен кон формирањето на македонскиот литературен јазик. Како истакнат професионалец во современата македонска литература ги напишал делата: "Граматика на македонскиот литературен јазик" (1952-54), "Историја на македонскиот јазик" (1965), повеќе студии за стари македонски текстови и за современата македонска писменост. Беше член и прв претседател на Македонската академија на науките и уметноста (МАНУ), прв претседател на Друштвото на писателите на Македонија и единствен од Македонија е добитник на "Златниот венец" на Струшките вечери на поезија. Беше и член на академиите во Загреб, Сараево, Чигаго и Белград. Добитник е на наградите: "11 Октомври", "Браќа Миладиновци", "Ацо Шопов", "АВНОЈ", "Његош" и други.

Стихови пишува пред војната, а неговата поема "Мостот" се појави во 1945 г. Потоа следат збирките песни: "Земјата и љубовта", "Песни", а "Везилка" и раскази "Лозје" во 1955 г., "Чесмите" во 1984 г., "Златоврв" во 1989 г., "Црн овен" во 1993... Неговата поезија се одликува со интимистички лиризам. Конески е своевиден хроничар и толкувач на сопствената психолошка состојба. Истакнато место во неговиот поетски опус опфаќаат теми од лична природа, каде доминира осаменоста и љубовта кон детето и жената. Тоа се песните "Игра со дете", "Дете заспано крај езеро", "Разговор со детенце", "Убавите жени", "Три крупни жени", "Љубовница" и други.

Својата последна песна Блаже Конески ја напишал на 29 ноември 1993 година, седум дена пред неговото заминување во вечноста.

**З И М С К О У Т Р О**

*Молчи зимското утро.*
*Се стуткало в соба, како куче*
*уште не му се излегува надвор.*
*Студи.*
*Под мојот прозорец*
*и додека цвркоти и си рипка, шалава*
*сипка:*
*сип, сип, сип !*
*и тоа како порив за живот*
*во мене пак да буди.*

Блаже Конески

**В Е З И Л К А**

*Везилке, кажи како да се роди*
*проста и строга македонска песна*
*од ова срце што со себе води*
*разговор ноќен во тревога бесна?*
*– Два конца парај од срцето, драги,*
*едмиот црн е, а другиот црвен,*
*едниот буди морничави таги,*
*другиот копнеж и светол стрвен.*
*Па со нив вези еднолична низа,*
*песна од копнеж и песна од мака,*
*ко јас што везам на ленена риза*
*ракав за бела невестинска рака.*
*Судбинско нешто се плело за века*
*од двете нишки, два созвучни збора,*
*едната буди темница што стрека,*
*другата буди вкрвавена зора.*
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -
*– И најмил спомен што в душа ми блесна*
*се гаси од нив ко цвеќе без боја.*
*Но ти што ловиш звук на чудна песна,*
*ти си ја кажа судбината своја.*

Марко Паризоски





## Во Небрегово одбележана годишнината од раѓањето на Блаже Конески

**Прилеп, 19 декември** - Делегација од Филолошкиот факултет од Скопје, Друштвото на писатели на Македонија и од Македонската академија на науките и уметностите, студенти и граѓани, денеска во Небрегово ја посетија родната куќа на Блаже Конески, по повод 85-годишнината од раѓањето на основоположникот на современиот македонски литературен јазик.

– Делото на Конески е залог за иднината на многу генерации и за македонското духовно наследство, рече проф. д-р Максим Каранфиловски, декан на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“.

Тој ја претстави новата книга на Трајко Стаматовски, која донесува спомени и искажувања поврзани со ликот и делото на Блаже Конески, кои со години биле објавувани на разни места.

– Важноста е во тоа што спомените и искажувања се собрани на едно место. На овој начин се оддолжуваме кон Конески, основоположникот на современиот македонски јазик и литература, а тоа е наша обврска, истакна Каранфиловски.



# TIKVEŠ
# Special Selection




*White Wines*

**ROBIĆ** d.o.o.
UVOZ, IZVOZ, VELEPRODAJA I USLUGE

10410 VELIKA GORICA
Kolodvorska bb
CROATIA

Tel. + 385 (0)1 6218 256, 6252 300
E-mail: robic@robic.hr
www.veletrgovina.com • www.robic.hr